# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јуни 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 51-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љатив Пајковски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата за гласање за да го утврдиме за бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваа 91 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници присуствуваат на седницата, и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г-дин Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно постигнатиот договор од проширената седница на претседателството на Собранието, на која присуствуваа координаторите на пратеничките групи на Собранието, одржана на 19 јуни о.г. предлагам на секоја седница на Собранието пред утврдувањето на дневниот ред да се поставуваат пратенички прашања во траење од еден час.

Секој пратеник може да поставува прашања во траење од 5 минути и да добие усмено одговор само на две поставени прашања.

Предлагам претставниците на Владата да имаат на располагање три минути за одговор на поставените прашања.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

81 пратеник гласаа за, воздржани нема, против се двајца.

Според тоа, констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања според редоследот на пријавени пратеници за поставување на пратенички прашања на 40-тата седница на Собранието.

Во врска со поставувањето на пратеничките прашања, процедурално побара збор г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Бидејќи во периодот од минатото поставување на пратенички прашања до денес, а веќе повторно имаме на дневен ред поставување на пратенички прашања една поголема група на пратеници добивме одговори на заостанатите прашања.. На пример, јас добив одговор на моето пратеничко прашање, за кои сметаме дека имаме право дополнително да ја прашаме Владата, или евентуално да искажеме задоволство или незадоволство од добиениот одговор, јас како предлог давам на почеток да расчистиме со тие пратенички прашања, бидејќи се наталожени, поголем број на одговорите беа добиени од Владата, а потоа да продолжиме со поставување на нови прашања или евентуално да најдеме друг модус, поставените прашања и добиените одговори да направиме една комуникација со претставниците на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За да не го губиме денеска времето, јас мислам да одиме по оваа листа а во врска со евентуалното незадоволство од добиените одговори на поставените пратенички прашања ве молам известете ме писмено и јас ќе одам исто така по редослед и ќе ви давам збор.

Значи, сега да одиме на овој начин за да не губиме време,

а присутни се и претставници на Владата кои би сакале да одговараат. Ако се согласувате г-дине Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Што да се достави?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Доставете ни дека сакате да реплицирате на прашањето и на наредната седница ќе ви дадам збор.

Господинот пратеник Насер Зибери, има збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, јас се повлекувам сега затоа што не сум подготвен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, го имате и тоа право.

Има збор г-динот пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ;**

Почитуван претседателе, колеги пратеници претставници на Владата.

Првото прашање е следното: Знаеме дека Македонија табак како фирма е заглавена со околу 200 милиони долари. со тоа се јавува во континуитет проблем околу откупот на тутунот и би сакал Владата или соодветното министерство да изготви информација во која што ќе биде кажано каде и за кои цели и кои институции или луѓе би потрошиле тие 200 милиони долари за потоа да можеме да бараме да ги вратат и оваа гранка на агроиндустријата да може да работи нормално.

Второто прашање е до Министерството за екологија. Бидејќи потекнувам од Радовиш често пати кога патувам, кога ќе поминам покрај Велес и покрај Штип, нема грмушка нема грмушка на која не се закачени барем 10 најлон кеси, бидејќи депониите на тие два града се лоцирани непосредно до патот Велес-Штип. Дали Министерството за екологија размислува стопанските субјекти кои се занимаваат со пакување во најлон кеси, во слична таква амбалажа да донесе некој закон со кој ќе ги задолжи да произведуваат еколошка амбалажа, која што многу малку ќе ја загадува нашата околина. Или веќе ако произведуваат таква да одвојуваат средства за да може да се собира таа амбалажа, значи, да биде вкалкулирана и ценат; за собирање и рециклирање.

Третото прашање, веројатно соодветното јавно претпријатие, или владини институции, до нив ќе се однесуваат, во училиштата, барем каде што работев јас, во хемиското училиште"Марија Кири Складовска" па и во сите училишта и во јавните претпријатија, така и во македонски железници, веројатно и во другите синдикалната членарина на вработените се одбива на платен список. Додека јас работев, се зборуваше само откажи се од синдикатите па ќе видиш дали ќе работиш како професор. за да нема такво заплашување, предлагам, а веројатно ова е и против законско собирање на средства, ако тоа не е законска обврска членарината да си ја прибираат откако платите ќе бидат поделени, а не на платен список, со што се фаворизира еден синдикат. За да не се шири и сега стравот ако не си член на Сојузот на синдикатите ќе бидеш избркан од работа. Сметам, дека освен редовните обврски, придонесите, данокот итн., кои е должна организацијата да ги запре од платата, она што не е задолжително да не се собира а сигурен сум дека многу луѓе не по своја волја се членови на овие организации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Илија Лазаров.

Од неговите поставени прашања Првото прашање се однесува до Министерството за стопанство односно за состојбите во Македонија табак:

Второто прашање до Министерството за екологија и третото до Министерството за образование.

Со оглед на тоа што се договоривме дека на две прашања максимум би требало да се одговори за да имаме време, молам дали може претставникот на Министерството за стопанство да одговори. Тука е господинот заменик министер Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Самата вредност која е искажана зборува за голема финансиска сума и сметам дека ова прашање заслужува посебно внимание, поради што предлагам пратеникот да го добие одговорот во писмена форма кој ќе содржи поголема аналитика за се она што бара.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи за ова прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

Дали имаме претставник од Министерството за екологија? Немаме.

Значи, ова прашање ќе го поставиме во писмена форма.

Исто така и од Министерството за образование немаме претставник, поради што во писмена форма ќе им ги доставиме усмените прашања.

Има збор г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

На 11.01. 2000 година се случи настан односно убиство на тројца припадници на Министерството за внатрешни работи до Арачиново и на г-динот Сабри Асани, па прашање до Министерството за внатрешни работи односно Владата на Република Македонија, Дали се најдени сторителите на убиството и

потпрашање дали е стигната обдукцијата, односно наодот од Судска медицина за починатиот Сабри Асани.

Второто прашање, село Чојлија е село до Аеродромот на Скопје каде што со години се живее под една голема бучава од авионите кои слетуваат. Граѓаните од село Чојлија не можат од Министерството за урбанизам и градежништво да добијат никаква дозвола за градење на домови т.е. куќи. Прашањето е како мисли Министерството за урбанизам и градежништво и Министерството за сообраќај и врски да го реши проблемот на граѓаните од село Чојлија, дали со дислоцирање, дали со нова локација.

Третото прашање е во врска со водоснабдувањето на општина Арачиново. Започнат е проект пред две години за кој од Владата на Република Македонија т.е. од програмата ФАРЕ досега се добиени некаде заедно со од Министерството за урбанизам и градежништво околу 400 илјади германски марки и 500 илјади марки од Македонскиот центар за меѓународна соработка. Проектот е започнат и завршена е само главната траса. Прашањето е до Владата на Република Македонија, затоа што се вклучени неколку министерства, бидејќи од последната конференција на министрите на Европските земји, на Европската унија во Лисабон, за Република Македонија веќе не се предвидуваат средства од програмата ФАРЕ, барем тоа е од последниот извештај што го имаме од нашите преговарачи со Европската Унија, прашањето е Дали Владата на Република Македонија ќе продолжи да инвестира односно да го финансира овој проект и од каде ќе се обезбедат средства за да продолжи оваа инвестиција во општина Арачиново затоа што опфаќа и други села (Грушина, Мојанци,Врбјанци и Орланци.)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Првото прашање тој го упати до Министерството за внатрешни работи.

Претставник од Министерството за внатрешни работи на оваа седница немаме. Така да во писмена форма ќе биде доставено до Министерството за внатрешни работи и ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање го упативте до Министерот за урбанизам и градежништво. Тука е г-динот Министер Душко Кадиевски, па го молам ако може да одговори на ова прашање.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Не постои забрана за изградба на било каков објект во населено место Чојлија, меѓутоа постои посебен режим за добивање на градежни дозволи за изградба на индивидуални куќи или колективни станбени згради од причина што тоа населено место се наоѓа во непосредна близина на полетната и слетната писта на Аеродромот., и тоа само за определени простори на населението место Чојлија. Значи, се издаваат градежни дозволи.

Второто прашање беше во врска со водоснабдувањето. Одговор навистина треба да биде обемен, меѓутоа само да ве информирам дека продолжува финансирањето од страна на ФАРЕ, само под друго име.

Постојат и други програми во Владата на Република Македонија како што е програмата во ова министерство за доделување на извесна количина на средства за изградба на селски водоводи. Од таа програма е во тек и најверојатно ќе се доделат некои средства за изградба на овој водовод.

Постојат и други министерства, како што е Министерството за развој кое исто така има од компензациониот фонд некои средства. Ако имаа а јас во моето министерство знам дека имаат поднесено проект ќе се одобрува средства. Доколку имаат и во Министерството за развој најверојатно и таму ќе има некој дел од средства.

Меѓутоа, сепак на ова прашање би одговорил во писмена форма ако сака пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Душко Кадиевски.

Молам пратеникот Исмет Рамадани дали е задоволен од одговорот на второто прашање, бидејќи за третото прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динто пратеник Петар Гошев. (Не е тука)

Има збор г-динот пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Првото прашање ми е следното.

Пред извесно време локалната самоуправа од Прилеп ги вознемири жителите од градот и од повеќе населени

места со промовирање на некаков нов концепт за обезбедување на вода за пиење и наводнување на ова подрачје од хидросистемот Стрежево. На ваков начин, без да се знаат целокупните состојби во водоснабдувањето, определбите на водостопанска основа, насоките на просторниот план на Македонија и општината Прилеп, а уште повеќе без комуникација со граѓаните се промовира нова траса од околу 50-тина километри која што ќе значи големо оптоварување покрај на другите, најмногу на граѓаните.

Колку што е познато граѓаните на прилеп осум години одвојуваат лични средства и изградија регионален водовод од 72 километри со вредност од околу 100 милиони американски долари, а исто така, познато е дека веќе неколку години се водат интензивни активности за реализација на договорот од германската финансиска соработка, при што се обезбедуваа околу 17 милиони германски марки за развој за регионалниот водовод Студенчица со изнаоѓање на други одржлив извори на вода со што се подобрува водоснабдувањето на околу 200 илјади жители, со можност за приклучување на нови корисници и реконструкција на градските мрежи.

Прашувам, дали концептот за водоснабдување на Прилеп и населените места, како и за наводнување на прилепското поле од хидро системот Стрежево што го кумулира локалната самоуправа Прилеп е во соработка и има поддршка од Владата.

Дали протоколот за финансиско-техничка соработка потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и СР Германија, со кој што се обезбедуваат 17 милиони германски марки неповратна помош за регионалниот водовод Студенчица со изнаоѓање на нови додатни извори одржлив за вода, реконструкција на градските мрежи е во понапрегната фаза и кога се очекува да отпочне со реализација.

Второ прашање, во стечајната постапка што е водена спрема конфекцијата Солидност од Прилеп распределен е имотот на стечајниот должник к ој што претходно бил резервиран за побарувањата на доверителите и на истите им се предава имот во определени износи. Еден од доверителите е и Фондот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија, подрачна единица Прилеп кој што го ожали решението на основниот суд, но апелациониот суд од Битола донесе решение и жалбата е дека е неоснована и покрај, тоа Фондот за ПИО не го прими распоредениот имот во владеење, па поради тоа преку 90 работници од конвенцијата солидност од Прилеп, со стаж над 25 години остануваат без никаков статус, незаштитени, а со прифаќање на распределениот имот од страна на Фондот на овие работници ќе им се признае стажот од сите досегашни стечаи и истите ќе можат да одат под заводот за вработување за остварување на нивните права.

Прашањето е што ќе преземе Владата за спроведување на решението на Апелациониот суд од Битола со кое фондот за ПИО- подрачја единица Прилеп треба да го преземе распределениот имот од концепцијата Солидност од Прилеп во Владение, и како ќе се реши статусот на 90 вработени од оваа конвенција.

Трето прашање, Косовската криза покрај многубројните катастрофи што ги нанесе во Република Македонија предизвика големи штети и на патната инфраструктура. Како резултат на повеќемесечното крстарење на тешки транспортни возила на Алијансата предизвикани се воочливи деформации на многу патишта во Република Македонија. Од анализите што се правени на градежниот факултет и Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта поради големите осциви оптоварувања констатирани се деформации на патната мрежа во должина од 700-тини километри на коловозите ленти и долните слоеви, а најоштетени се мостовите. Потребна е комплексна реконструкција на голем дел од патната инфраструктура а штетите се оценуваат на дваесетина милиони германски марки з санација на мостовите и 30-тина милиони германски марки за патиштата.

Прашувам, дали и колку до денес се обесштетени штетите на инфраструктурата односно на мостовите и патиштата, што презема Владата да ги надомести штетите и од кој ќе обезбеди средства во услови кога веќе се прифати да се плати обесштетување на патната инфраструктура од страна на алијансата.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ**: (Продолжение)

Република Македонија веќе подолго време може да се рече дека е затрупана со хуманитарно брашно кое наместо во домовите на социјалните семејства, завршува на пазарите, односно брашното наменето за Косово, повторно во најголем дел завршува на пазарите во Република Македонија. Оваа состојба предизвика затворање на повеќе поголеми мелници во државата како резултат на нелојалната конкуренција од причини што ваквото

брашно на пазарите се продава по цена од 40 до 50% пониска од домашното брашно. Без претензии некој да е против хуманитарната помош, опасноста треба да се гледа и од аспект дека мелничарите не ќе можат да ја откупат пченицата од претстојната жетва бидејќи во силосите ќе остане голема количина ланска пченица со што најзагрозени ќе бидат земјоделците.

Прашувам, што ќе превземе Владата за контрола на хуманитарното брашно кое наместо во домовите како што реков на социјалните семејства завршува на пазарите од што штети имаат мелничарите и проблемите ќе ги имаат понатаму и земјоделците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали имаме претставници на Владата кои што можат да одговорат за поставените прашања.

Првото прашање го упативте до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, во врска со снабдувањето со вода за Прилеп. Тука е министерот за урбанизам и градежништво кој што ќе се обиде да ви даде одговор, бидејќи тие две министерства се компатибилни и можат да дадат одговор по ова прашање.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Ние немаме добиено барање од страна на Локалната самоуправа од Прилеп за согласност за нов систем за водоснабдување на градот Прилеп, меѓутоа и да имаме во просторниот план и во регионалниот план за развој на тој дел од Република Македонија алтернативно решение на Студенчица немаме.

И сега да поминам на второто прашање Студенчица. Значи 17 милиони гарант од страна на германската Влада. Во тек е изработка на визибилните студија. Тие се стационирани овде во Скопје заедно со претставниците на Јавното претпријатие "Студенчица" ја изработуваат и до крајот на годината треба да изработат а во почетокот, во првата половина на 2001 година треба да се изработи тендерска документација. Што значи дека идната година и физички ќе отпочне со реализација на овој проект.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Настевски, дали сте задоволни од одговорот?

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање беше упатено до Министерството за труд и социјална политика во врска со пресудата околу Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, по правило правосилните судски одлуки треба да се извршуваат и да се почитуваат. Јас конкретно не сум запознаат со случајот и во рамките на судската одлука ќе се ангажирам таа одлука да се изврши и верувам одлуката е заснована врз закон и согласно извршувањето на таа одлука и законски ќе се реши статусот на вработените од претпријатието кое го спомнавте.

Во однос на хуманитарното брашно точно е тоа дека во последно време во Република Македонија на пазарот ни се појави на слободна продажба би рекол хуманитарно брашно. Од страна на Владата односно одредени министерства како што е Министерството за развој, Министерството за трговија и од страна на Министерството за труд и социјална политика преземени се соодветни мерки и оваа појава би рекол во целина е ограничена. Се настојува хуманитарното брашно да оди исклучиво преку центрите за социјална работа при Министерството за труд и социјална политика, тоа брашно навистина да стигне до семејствата кои имаат потреба за помош од таквиот артикал. Исто така, зајакнати се сите контроли и мерки во однос на издаваше на одобренија на сите хуманитарни организации кои увезуваат брашно во Република Македонија наменето за помош за социјалните случаи. Така што во оваа насока исто така се ангажирани и пазарната инспекција која врши контрола врз сите продавници, тезги во сите градови на Република Македонија со цел навистина положбата во која се доведоа овие мелничко-преработувачки претпријатија некако да ја санираат нивната лоша состојба. Исто така во Владата е донесена соодветна одлука во однос за обезбедување услови за откуп на пченицата во Република Македонија на претпријатија кои ќе можат, односно зависно од нивниот откуп ќе можат да увезуваат пченица согласно потребите кои ќе се јават во Република Македонија. Мислам дека оваа состојба е во потполна контрола од страна на Владата и за кратко време најверојатно тоа хуманитарно брашно нема да го има на пазарот во слободна продажба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата и министер за труд и социјална политика.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И уште едно прашање упативте до Министерството за сообраќај и врски во врска со патиштата и нивната санација.

Дали може заменикот министер да одговори на ова прашање, или пак одговорот ќе се подготви во писмена форма?

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Ќе се потрудам да одговорам на ова прашање. Во врска со штетите настанати од тешките возила на НАТО и КФОР ние имаме преговори со НАТО односно со КФОР и од тие преговори кои морам да признам дека одат тешко и бавно се дошло до констатација дека нашата студија која е направена заедно со стручњаците од Градежниот факултет треба да се провери од нивните стручњаци и после да се добие одговор за бараните средства во врска со штетите настанати во патната инфраструктура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за одговорот на заменикот министер.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Практично добро одговоривте, горе долу барем на двете прашања, на трите задоволувачки. Меѓутоа, сепак нека бидат во писмена форма. А последниот одговор ми се чини лежи во тоа што практично не е направен договор со Алијансата за искористување на патната мрежа и сега допрва ќе се пазариме и допрва ќе бараме да плаќаат штети, а тоа веќе трае подолго време, а патната мрежа е во катастрофална состојба особено мостовите. Владата треба итно да си изнајде начин да ги реконструира за да не би се случило нешто друго, а кога парите ќе ги добие Владата, јас исто така се сомневам дека никогаш нема да ги добие.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие рековте дека сте задоволни од одговорот по овие прашања. Ќе ги добиете стенографските белешки како писмен одговор. А за ова последното прашање дали сте спремни евентуално да поднесете и писмена информација до пратеникот.

Има збор заменикот министер за сообраќај.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Значи подетални информации ќе добиете писмено. А во врска со ова што рековте за договорот стои оваа констатација дека во договорот има пропусти и ние сета се трудиме со соодветни амандмани да ги коригираме тие процеси и евентуално да видиме како ќе ги надокнадиме штетите што настанале. Бидејќи тие се повикуваат на некои конвенции, на конкретната конвенција и од страна на нашето Министерство навистина ќе треба со соодветни амандмани да се коригира тој договор и евентуално да се надокнадат штетите. Значи има договор, само ќе треба со амандмани евентуално да се коригира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот?

Пратеникот е задоволен од одговорот.

Има збор господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата. Јас нема да ги поставам сите прашања што ги имав овде набележано бидејќи дел од тие глобални прашања изгубија од актуелноста поради одолговлекување на оваа седница. Ќе бидам сосема краток, ќе поставам неколку прашања од локален карактер. Бидејќи повеќето се однесуваат на Министерството за екологија, а не гледам претставник на Владата, барам да ми се одговори во писмена форма. Значи во меѓувреме дојде претставникот од Министерството за екологија. Во ред, тогаш би почнал со првото прашање.

Бидејќи е комплексен проблемот овде, прашањето го поставувам до Министерството за екологија, до Министерството за урбанизам и до Министерството за земјоделие и водостопанство.

Дали, и кога се планира со отпочнување на реализацијата на проектот Сатеска за спречување на внесе на наносот од реката Сатеска во Охридското Езеро, бидејќи ова е еден од најстарите еколошки проектот изработени во Република Македонија за заштита на Езерото. Зачудува фактот што дел и од донациите на германската Влада веќе се во функцијата од оние информации што ги имаме од теренот. Меѓутоа на овој дел воопшто не се отпочнати никакви зафати и во тој контекст го поставувам ова прашање, значи околу она месно население што гравитира околу реката Сатеска. Во рамките на овој проект би го потенцирал проблемот поготово на општината Мешеишта и на селата од

општината Мешеишта кои порано со поранешната територијална поделба беа во рамките на општината Охрид и го имаат изгласано референдумот и во еден голем временски период имаат партиципирано за заштита на Охридското Езеро со изградбата на колекторската мрежа а до денес нема отпочната никакви активност на полето на решавањето на овој круцијален проблем за ова месно население. Исто така не се знае кога физички ќе отпочинат работите за приклучување на колекторската мрежа кај селото Лескоец, Велгошти и Пештани и другите помали приградски населби кои гравитираат околу Охридското Езеро. Имам информација дека до Министерството за екологија од Еколошкото друштво "Јагода" од селото Лескоец се поднесени проекти до Министерството за екологија и до Министерството за урбанизам и градежништво со образложение дека ова прашање мора под итно да се решава бидејќи некои испитувања покажуваат дека поради не решавање на отпадните води и фекалната канализација да се внесе во колекторската мрежа доаѓа до драстично загадување на почвата а таму голем дел од месното население се занимава со земјоделие и приносите опаѓаат од година во година, барем како што тврдат некои стручњаци токму од овие причини.

Второто прашање до Министерството за здравство.

Зошто во населените места во општината Белчиште драстично во последно време е намален степенот на здравствената заштита и зошто како порано од пред година и пол зборувам, нема секојдневни посети на лекарски екипи кои пружат примарна заштита на месното население, барем во оние села каде веќе има изградено инфраструктура т.е. има постоечки амбуланти. Овде би ја искористил приликата да во некои разговори со луѓето од општината Белчишта кои се компетентни да ги решаваат овие проблеми на прашањата упатени до луѓето кои треба да ги пуштат овие лекарски екипи на теренот им е одговараат тоа е комунарска општина и вие сте здрави не ви треба таму лекар. Мислам депласирано е да се даваат додатни коментари на вакви одговори и би го замолил министерот за здравство да преземе итно мерки барем во оние села кај што има амбуланти да се подобри нивото на здравствената заштита.

И третото прашање до Министерството за сообраќај и врски се однесува на еден многу банален проблем, меѓутоа веќе добива димензии на некои огромни незадоволства на месното население. Се работи за зафат за асфалтирање на само 300 метри на локалниот пат Ботун-Белчиште во општината Белчишта, кој преку Фондот за патишта и општинскиот фонд се обезбедени средствата, искомпензирани се средствата и помеѓу двата круга на претседателските избори, почнато е да се реконструира овој дел на 300 метри од локалниот пат Ботун-Белчишта. Имам информација дека камионите, значи патот е припремен, тампониран за асфалтирање и камионите со асфалтот се пристигнати тука во последен момент кога е запрен сообраќајот да се само стави асфалтот на овие 300 метри дадена е наредба истите во склоп на кампањата претседателска што се водеше тогаш да се однесат на друго место, не би сакал поради респект поради некои пратеници што се овде од другите партии, значи тие камиони се тргнати оттука и до ден денеска, значи после колку време има поминато да не броиме точно во денови воопшто нема никакви зафати на тој пат, а во меѓувреме бидејќи горниот дел од асфалтот е тргнат, фактички овие 300 метри скоро да се непреодни за сообраќај и затоа претставуваат огромен проблем за тоа население таму и фактички овие четири, пет села се комплетно отцепени за сообраќај на оваа делница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Првото прашање е упатено главно до Министерството за екологија, но е поврзано и со другите министерства. Тука е заменикот министер во Министерството за екологија и заштита на човековата средина Го молам Марјан Додевски да одговори.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Благодарам претседателе. Со оглед да имаат пратениците подолго време да поставуваат прашања накратко ќе дадам информација за досегашните активности, она што ќе се преземе во Охридско-Струшкиот регион во областа на заштитата на Охридското Езеро, тука спаѓа и колекторскиот систем и реката Сатеска, меѓутоа и проблемите кои ги тиштат околните села пред се спомenатиот проект поднесен од Еколошкото друштво од селото Лескоец. Би напоменам само едно дека Охридското Езеро, моментално во Македонија има најдобро изграден колекторски систем за заштита на Охридското Езеро. Познато е дека во Охридско Езеро со гарантови, односно со донации присутна е Германската помош, потоа присутна е исто така и Швајцарската Влада која пред се однесува на мониторинг

системот на Охридското Езеро во соработка со Хидро-биолошкиот завод. Сакам да истакнам дека колекторскиот систем веќе е заграден до Пештани. Моментално се вршат испитувања на шахтите, оние контролни,шахти да се види целосната исправност на колекторскиот систем. Испитувањата се доста позитивни и сега понатаму ние подготвивме еден динамичен план за целосно довршување на овој колекторски систем, а сето тоа го работиме и во соработка во рамките на проектот за заштита на Охридското Езеро со колегите од Република Албанија. Знаете дека тој е еден меѓународен проект.

Што се однесува до реката Сатеска, реката Сатеска и таа е ставена како еден од приоритетите. Познати ви се сите оние студии кои се однесуваат на Сатеска, односно нејзиното скршнување, односно враќање на Сатеска, односно да не се влива во Охридското Езеро. Активностите се во тек. За тоа кога би започнале активностите некогаш многу малку зависи од нас, зависи и од донаторот затоа што е потребно да се исполнат одредени услови од македонска страна. Така што во писмена форма господинот Илоски ќе ги доб&е и деталите што се однесуваат на овие активности, само со единствена цел да не го оптоваруваме аудиториумот.

Што се однесува до проектите кои се подготвени од еколошките друштва, верувајте во Министерството за животна средина такви проекти навистина ги има доста не само од Охридско-Струшиот регион туку и од други еколошки друштва од други селски населби. Познато е дека решавањето на овој проблем во селата е еден од можеби попроблематичните, затоа што тука се потребни доста поголеми средства за сите села тие да се приклучат во главниот колекторски систем. Меѓутоа, и на ова прашање ќе добие еден интегрален одговор од Министерството за животна средина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на заменикот министер. Јас мислам дека господине Илоски ќе добиете интегрален одговор во писмена форма, иако овие беа дополнителни изјаснувања.

Следното прашање повеќе беше укажување до Министерството за здравство, тоа не беше прашање колку што можев да прашам Министерот за здравство е присутен може и да одговори и да ги прифати тие укажувања.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не беше укажување, туку прашувам дали нивото на здравствена заштита ќе се врати од пред година и пол.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор министерот за здравство.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Ќе бидам краток. Станува збор за типичен пример за нерамномерната дистрибуција која што ја илустрира нерамномерната дистрибуција на лекарските кадри, на докторите во нашава држава во руралните односно урбаните делови од земјава. Во урбаните средини имаме превработеност, преголем број доктори, во руралните очигледно ни недостасуваат. Ќе го кажам следното. Следната недела лично ќе појдам во Белчишта и јас го молам пратеникот Илоски на една од наредните седници, еве некаде на последната или од прилика за 10-тина дена, уште еднаш да ми го повтори истото прашање, мислам дека тогаш ќе добие одговор дека тие проблеми ќе бидат разрешени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер.

Дали сте задоволни од одговорот?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да, радува ваков одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека рековме дека ќе одговараме само на две прашања, одиме понатаму.

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, не бев запознае дека денес ќе се поставуваат пратеничките прашања и затоа оставам на наредната седница да ги поставам истите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тогаш ќе го користите правото за наредната седница.

Има збор г-динот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

Дали е тука? Не е тука.

Има збор г-динот пратеник Абдулади Вејсели.

Дали сака да го искористи своето право да постави пратенички прашања? Не.

Има збор г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Добро, набрзина доаѓаме, колку сме подготвени ќе видиме ќе се обидеме,

бидејќи не бевме во одреден договор. Затоа, би поставил две прашања.

Првото прашање е: Познато и е на јавноста дека последните две години се одржани неколку меѓувладино ниво и на ниво на министри за надворешни работи за регионот на Преспа со Република Грција и Република Албанија. Според известувањето од медиумите, се разговарало пред се за заштита на Преспанското Езеро и за создавање на т.н. Балканско-Преспански парк, особено со посебен акцент на многу важниот дел за Преспа и Република Грција, отворање на преминот Маркова Нога кај селото Долно Дупени. Затоа прашањето е: Врз основа на информациите врз основа на средствата за јавно информирање и информациите кои ги има локалната самоуправа, од страна на Владата, ништо не е преземено за реализација на оваа идеја и овој договор меѓу Владата на РМ и Владата на Република Грција. Дали е формиран посебниот фонд за Балканско-Преспанскиот парк и што е преземено врз основа на изјавите на министерот за внатрешни работи , кој изречно тврдеше дека во најскоро време ќе биде отворен граничниот премин на Преспа во реонот на Маркова Нога.

Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Владата односно до Министерството за труд и социјална политика.

Како претседател на собранискoто работно тело за труд и социјална политика можам да кажам дека до Комисијата се обраќаат голем број граѓани корисници на социјална помош. Прашувам дали Владата ќе преземе активност во однос на измена и дополнување на Одлуката за критериумите, начинот и правата за користење на социјална помош, особено на членот 14.

Би дал кратко образложение. Таа одлука е донесена во 1998 година и во членот 14 се предвидуваат временски интервали, две години, три години, кои одредби стапија во сила и на корисниците на социјална помош им се намалува износот кој го примаат, значи , и така малиот износ им се намалува. Кога се донесуваше оваа одлука, целта беше да се оствари со економската политика на РМ економски развој, да се поттикнуваат овие лица корисници на социјална помош да имаат нови вработувања. Бидејќи Владата на РМ во овој период од две години не го оствари таквиот планиран економски развој, не оствари можности за нови вработувања, овие лица корисници на социјална помош се најдени во многу тешка социјална положба.

Дали Владата ќе го измени членот 14 од наведената Одлука и какви други активности ќе преземе во однос на олеснување на материјалната состојба на овие лица, а имаме одредени сознанија дека во последно време се преземаат одредени донации или помош во храна, облека и сл.

Прашањето го прецизирам до Министерството за труд и социјална политика дали мисли да преземе и што ќе преземе.

Тоа се двете прашања.

Би сакал овде да истакнам дека имам уште едно многу важно прашање за развојот на граѓаните на Преспа, но благодарение на разбирањето со министерот за урбанизам г-динот Кадиевски мислам дека тој проблем е надминат. Се работеше за примање на сигнал на граѓаните на Преспа на телевизиските станици СИТЕЛ и А1 која е една од последните општини. Имаше спор со локалните служби на Министерството за урбанизам но ја искажувам благодарноста кон министерот за урбанизам за потпишувањето за потребните согласности кои влегоа во бирократска процедура на граѓаните да им се овозможи да бидат информирани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Александар Гештаковски што укажува и на еден позитивен пристап на Владата односно на член на Владата во врска со разрешување на одредени проблеми на граѓаните.

Мислам дека првото прашање вие го упативте до министерот за внатрешни работи во врска со отворањето на граничниот премин.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Тоа е упатено прашање до министерот за надворешни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пардон, до министерот за надворешни работи. Бидејќи немаме претставник на Министерството за надворешни работи, прашањето ќе го упатиме во писмена форма и ќе го добиете одговорот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Првиот дел на прашањето е упатен до Министерството за екологија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи на првиот дел на прашањето ќе одговори г-динот заменик министер Марјан Додовски.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Согласно декларацијата која ја потпишаа трите претседатели на влади на РМ, Република Албанија и Република Грција, неминовно беше да следи и конкретна имплементација на активностите. Не знам колку сте информирани но пред 10-тина дена од Албанска страна беше отворен и официјално информативен центар односно националниот парк во Подгорица на Албанска страна.

Јас би ве поканил на Симпозиумот за одржлив развој кој ќе се одржи во петок, сабота и недела, во Отешево и кој ќе се однесува токму на одржливиот развој во преспанскиот регион . Министерството за животна средина се јавува како покровител, а организатори се Македонското еколошко друштво и Здружението "Преспа" а јас како покровител, Министерството за животна средина користам прилика и другите пратеници да ги поканам на овој настан , така што ќе имате можност преку 60 трудови да ги слушнете на самиот Симпозиум и да видите до каде се активностите од Македонска страна и од научна гледна точка, што се однесува до реализација на оваа Декларација која беше потпишана од трите премиери.

Инаку, за информација да кажам дека Министерството за животна средина има конкретни активности и околу ревитализација и модернизација на пречистителната станица која се наоѓа во извирање, се со единствена цел за подобра заштита на водата во Охридското Езеро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот заменик министер за животна средина Марјан Додовски.

Г-дине пратеник, дали сте задоволен од овој дел од одговорот, а инаку за другиот дел ќе добиете одговор во писмена форма од Министерството за надворешни работи.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Од одговорот не сум задоволен, бидејќи јас зборував за отворање фондови за директна заштита на Преспанското Езеро, а г-динот заменик министер кој ќе ме покани на симпозиумот, би сакал за таа цел да оствариме заштита на сите езера во Републиката како природни богатства. Тој симпозиум се одржува неколку години на иницијатива на локалната управа. Мене ми е целта потенцирањето од страна на министерот, кој ќе ме покани како пратеник, кој сум девет години во Преспа , кој сум во Советот за заштита и на таа манифестација и кој е градоначалникот а покровител оваа година, што е добро, е Министерството за животна средина, а со судни маки и со залагање на заменикот министер почна да се прави нешто, за разлика од делот на охридскиот дел, ние не сме против. Нека се заштити прво Охридското, па потоа Преспанското Езеро. Но таквиот начин и стил не е вред, да ме покани на симпозиумот. Целта ми беше да видиме да ги користиме фондовите, бидејќи договарањето се водеше на највисоко политичко ниво и треба да бидеме активни. Заменикот министер вели ќе видиме што е направено од наша страна. Нема што да видиме. Јас како пратеник граѓаните треба да бидеме информирани што превземе министерството и до каде се активностите и треба да има поголем ангажман. Барам одговор и во писмена форма, а согласно Деловникот, до колку не бидам задоволен ќе се обратам до Собранието да отвориме целосна расправа, согласно Деловникот.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ**:

Обезбедени се 14 милиони германски марки помош од Германската Влада и се наменети чисто за заштита на Преспанското Езеро, а сето тоа го реализираме во соработка со Министерството за развој. Значи функционираат и фондовите за заштита на Преспанското Езеро, што значи имаме конкретна имплементација на она што нашиот премиер го потпиша, односно Декларацијата потпишана од 3-те премиери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И имате упатено прашање до Министерството за труд и социјална политика.

Го молам г-динот заменик министер Ристо Георгиев да одговори на ова прашање.

**РИСТО ГЕОРГИЕВ:**

На прашањето би сакал да го дадам следниот одговор.

Одлуката за критериумите за социјалната помош е донесена 1998 година, а се применуваат измените во членот 14 од 1 април 2000 година, што значи за корисниците на социјална помош за период подолг од 2 години ќе има намалување од 30% од 1 април 2000 година, а исплатата за тие корисници на социјална помош поради тоа што истата доцни со два месеци се исплатува овој месец во јуни. Заради тоа што корисниците на социјална помош ќе земат намален износ во паричен износ, истата ќе биде дополнувана со материјална помош што ќе се дава на сите семејства, кои ќе бидат погодени со Одлуката за социјална помош, така што тие семејства, кои се 30.40

иљјади семејства, ќе добиваат материјален износ во пакети, која компензација ќе биде во износ од 50%, така што компензацијата ќе биде поголема за 20% од делот што го губат како паричен материјален надомест.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на заменикот министер на одговорот.

Дали г-динот пратеник е задоволен од одговорот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во принцип сум задоволен од одговорот, но сметам дека Владата треба да преземе нормативно регулирање бидејќи не се исполнети условите во оваа материјална помош, одредени корисници примаат, други не примаат. Дали е 50% надоместокот, сметам и имам дополнително прашање, затоа го барам и одговорот во писмена форма, како би можел понатаму да ја видам постапката. Би сугерирал, Владата да го измени членот 14 оние корисници на социјална помош да ја примаат целосната и досегашна помош во износот што беше предвиден. Сметам дека таа норма е неминовна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Гештаковски за коментарот во врска со одговорот на заменикот министер.

Дами и г-да пратеници, еден час помина. Според договорот што го направивме сега ќе почнеме да си работиме нормално и ќе треба да пристапиме кон утврдување на дневниот ред.

Жалам што не можам да му дадам збор на г-динот Вејсели, затоа што навистина времето истече, а рековме еден час ќе работиме но на наредната седница ќе имате право прв да поставите прашање.

Владата на Република Македонија побара Предлогот за донесување на закон за градежно земјиште наместо на оваа седница да биде разгледан на 52-та седница на Собранието.

Пратениците Никола Јованов, Радомир Карангелески, Стојан Попов, Илија Прангоски, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски и Амди Бајрам предлагаат дневниот ред за оваа седница да се пополни со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ќе ги молам пратениците кои беа во голем број присутни овде да влезат во салата, бидејќи се уште немаме доволен број пратеници кои можат да гласаат. Да бидеме малку посериозни, преминуваме кон усвојување на дневниот ред и не би сакал поради тоа што немаме доволно присутни пратеници во салата да ја прекинуваме работата на Собранието.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата. Инаку, според картичките има сосема доволен број, но нема внатре пратеници кои треба да гласаат.

Еве, сега влегуваат пратеници и мислам дека можеме да го повториме гласањето.

Ќе ве молам, вклучете го системот на гласање и да гласаме за поднесениот предлог од групата пратеници.

(по гласањето)

33 пратеници гласаа за, седум пратеници се воздржани и 25 пратеници се против.

Според тоа, предлогот не е усвоен.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, бара поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - за
6. Кирил Андоновски - за
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Демуш Бајрами - против
10. Фадил Бајрами - против
11. Димитар Баткоски - против
12. Мерсел Биљали - отсутен
13. Валентина Божиновска -воздржана
14. Јордан Бошков - за
15. Димитар Бузлевски - отсутен
16. Абдулади Вејсели - отсутен
17. Слободан Гарчески - против
18. Васил Гаџовски - отсутен
19. Михајло Георгиевски - воздржан
20. Трајко Гешоски - за
21. Александар Гештаковски - отсутен
22. Данило Глигороски - воздржан

23. Петар Гошев - отсутен
24. Слободан Даневски - за
25. Замир Дика - отсутен
26. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
27. Илија Ѓоргиев - отсутен
28. Фатмир Етеми - воздржан
29. Васил Ефтимов - воздржан
30. Насер Зибери - отсутен
31. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
32. Мирко Иванов - отсутен
33. Илија Илоски - отсутен
34. Делче Ицков - за
35. Никола Јованов - за
36. Весна Јовановска - воздржана
37. Марика Јорданова - воздржана
38. Назми Кадриу - против
39. Радомир Карангелески - отсутен
40. Жарко Караџоски - против
41. Митко Киров - воздржан
42. Лазар Китаноски - отсутен
43. Саво Климовски - отсутен
44. Стојан Ковачески - отсутен
45. Ѓорѓи Котевски - против
46. Чедомир Краљевски - воздржан
47. Илија Лазаров - воздржан
48. Горанчо Лазов - воздржан
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчев - воздржан
51. Наталија Марковиќ Димова - отсутна
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - отсутен
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - за
62. Ванчо Панчев - воздржан
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - отсутен
65. Чедо Петров - за
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - за
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - отсутен
71. Никола Поповски - отсутен
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - отсутен
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјаз Сабриу - против
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селмани - против
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - отсутен
82. Ристо Спанаков - воздржан
83. Крале Спанчевски - воздржан
84. Ѓорги Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - отсутен
87. Томислав Стојановски - воздржан
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - отсутен
90. Златко Стојменов - отсутен
91. Владо Сугаревски - за
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - отсутен
94. Мухамед Таири - отсутен
95. Александар Талевски - воздржан
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - против
98. Ѓорѓи Тодоров - отсутен
99. Ристо Тодоров - отсутен
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - воздржан
102. Коце Трајаноски - воздржан
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - воздржан
106. Борислав Трповски - отсутен
107. Слободан Ќосев - воздржан
108. Илија Филиповски - отсутен
109. Александар Флоровски - за
110. Илјаз Халими - против
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - против
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - отсутен
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - против
119. Шахиќ Алија - за
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

Во меѓувреме забележав дека дојде Валентина Божиновска, воздржана, Нано Ружин за.

Дали има некој друг кој во меѓувреме дошол, а не го дал гласот? (Нема).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Гласањето покажа 46 пратеници гласаа за, 21 против и 25

Воздржани.

Според тоа Одлуката е донесена.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за избор на претседатели и членови на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки и на одборите за одбележување на Втори август , ден на Републиката, 8 септември , Ден на независноста и 11 октомври Ден на Народното востание.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

83 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување на декан на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид и Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Академик проф. д-р Димитар Арсов"-Крива Паланка.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата го ставам на гласање .

Ве молам да гласаме.

74 пратеници гласаа за, 4 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа;

2. Предлог за донесување на закон за Владата на Република Македонија;

3. Предлог за донесување на закон за државните службеници;

4. Предлог за донесување на закон за постапување со досиеја на лица водени од Службата за државна безбедност, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за утврдување на соработката на лица носители на јавни функции со органите на државната безбедност, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за реализација на проектот за мали и средни претпријатија од Кредитната банка за обнова (КГМ) 9, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија,со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за заемна административна помош за правилна примена на царинскиот закон и за спречување , истраги и борба против царинските прекршоци меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за чување , одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните белези на Македонско-Бугарската државна граница, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за мерките за спречуваше и решавање на гранични инциденти на Македонско-Бугарската државна граница, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на република Бугарија за соработка во областа на образованието и науката, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на стандардизацијата, метрологијата, акредитацијата и оцена на сообразноста со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Ветеринарно санитарна конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување ка закон за ратификација ка Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа ка културата, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за правна помош во граѓанските предмети меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачката Република за враќање на свои државјани чие влегување или престој на територијата на другата држава е илегален, со Предлог на закон;

22. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки;

23. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 2 Август - Ден на Републиката;

24. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 8 Септември - Ден на независноста ;

25. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на одборот за одбележување на 11 Октомври - Ден на Народното востание:

26. Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување на декан на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид:

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик професор д-р Димитар Арсов"- Крива Паланка;

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави г-динот пратеник Алија Шахиќ.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Предлагам за денешната седница на дневен ред да биде Информација , која ја имам доставено до Владата и до парламентарниот дом за високо образование на Бошњаците, мислам на квотите.

Владата зема обврска на наредната седница да достави информација, но до денеска не сум добил , па сметам кога ќе се завршат уписите ќе биде доцна. Нема ефект таква одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претставник на Владата немаме. Во тој случај не ни преостанува ништо друго освен со гласање дали како пратеници ќе ја утврдиме таа точка на дневен ред или евентуално да извршиме дополнителни консултации со министерот за образование да видиме дали тој се согласува за наредната седница да ми поднесе таква информација.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Ќе биде доцна за наредната седница, бидејќи уписите ќе се завршат, предлагам на оваа седница да ја ставиме информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ако инсистира г-динот Алија Шахиќ, тогаш ќе ве молам една по една ќе мораме во врска со овие предлози.

Предлогот на г-динот пратеник Алија Шахиќ на оваа седница да добиеме информација во врска со зголемување на квотите за упис на факултетите од редот на Бошњаците , ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

35 пратеници гласаа за, 18 воздржани и 33 се против.

Според тоа, констатирам дека не е усвоен предлогот од пратеникот Алија Шахиќ.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Сакам поединечно гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот.(Има)

Ќе ве молам да се произнесеме.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - за
6. Кирил Андоновски - за
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Демуш Бајрами - против
10. Фадил Бајрами - против
11. Димитар Баткоски - против
12. Мерсел Биљали - отсутен
13. Валентина Божиновска - воздржана
14. Јордан Бошков - за
15. Димитар Бузлевски - отсутен
16. Абдулади Вејсели - отсутен
17. Слободан Гарчески - против
18. Васил Гаџовски - отсутен
19. Михајло Георгиевски - воздржан
20. Трајко Гешоски - за
21. Александар Гештаковски - отсутен
22. Данило Глигороски - воздржан
23. Петар Гошев - отсутен
24. Слободан Даневски - за
25. Замир Дика - отсутен
26. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
27. Илија Ѓоргиев - отсутен
28. Фатмир Етеми - воздржан
29. Васил Ефтимов - воздржан
30. Насер Зибери - отсутен
31. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
32. Мирко Иванов - отсутен
33. Илија Илоски - отсутен
34. Делче Ицков - за
35. Никола Јованов - за
36. Весна Јовановска - воздржана
37. Марика Јорданова - воздржана
38. Назми Кадриу - против
39. Радомир Карангелески - отсутен
40. Жарко Караџоски - против
41. Митко Киров - воздржан
42. Лазар Китаноски - отсутен
43. Саво Климовски - отсутен
44. Стојан Ковачески - отсутен
45. Ѓорѓи Котевски - против
46. Чедомир Краљевски - воздржан
47. Илија Лазаров - воздржан
48. Горанчо Лазов - воздржан
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчев - воздржан
51. Наталија Марковиќ Димова - отсутна
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - отсутен
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - за
62. Ванчо Панчев - воздржан
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - отсутен
65. Чедо Петров - за
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - за
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - отсутен
71. Никола Поповски - отсутен
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - отсутен
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјаз Сабриу - против

78.Аце Сајкоски - против
79.Аслан Селмани - против
80.Борче Сибиновски - против
81.Вангел Симев - отсутен
82. Ристо Спанаков - воздржан
83.Крале Спанчевски - воздржан
84.Ѓорги Спасов - отсутен
85.Милан Ставрев - за
86.Наќе Стојановски - отсутен
87.Томислав Стојановски - воздржан
88.Воислав Стојаноски - за
89.Благој Стојковски - отсутен
90.Златко Стојменов - отсутен
91.Владо Сугаревски - за
92.Оломан Сулејмани - отсутен
93.Ризван Сулејмани - отсутен
94.Мухамед Таири - отсутен
95.Александар Талевски - воздржан
96.Мевљан Тахири - отсутен
97.Митко Тилевски - против
98.Ѓорѓи Тодоров - отсутен
99.Ристо Тодоров - отсутен
100.Павле Тодоровски - за
101.Панде Томов - воздржан
102.Коце Трајаноски - воздржан
103.Горанчо Трајков - против
104.Танас Трајковски - отсутен
105.Александар Трпевски - воздржан
106.Борислав Трповски - отсутен
107.Слободан Ќосев - воздржан
108.Илија Филиповски - отсутен
109.Александар Флоровски - за
110.Илјаз Халими - против
111.Благој Ханџиски - отсутен
112.Сејфедин Харуни - отсутен
113.Кастриот Хаџиреџа - против
114.Бранко Црвенковски - отсутен
115.Миланчо Черкезов - отсутен
116.Ванчо Чифлиганец - отсутен
117.Арбен Џафери - отсутен
118.Хисни Шаќири - против
119.Шахиќ Алија - за
120.Радмила Шеќеринска - отсутна

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам да ги соопштам резултатите од гласањето. За предлогот на господинот Алија Шакиќ, гласаа 37 пратеници, против 28 и воздржани 18.

Според тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор во врска со дневниот

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, на седницата на Собранието од 7 јуни поставив барање да се стави точка на дневен ред во врска со актуелната безбедносна состојба на Република Македонија. После кусата вербална расправа со претставникот на Владата беше прифатено од негова страна, а со ваш заклучок како претседавач на таа седница на Собранието дека оваа точка на дневен ред ќе биде поставена на наредната седница која што требаше да се одржи на 14 јуни. Меѓутоа, од познати причини таа седница на 14 јуни не беше одржана, беше одложена и еве денеска е закажана оваа седница со овој предлог на дневен ред.

Јас очекував бидејќи во меѓувреме информацијата во врска со актуелната безбедносна состојба ја добивме во пратката со материјалите денеска, утрово, според датумот е архивирана во текот на вчерашниот ден и очекував од ваша страна при составувањето на дневниот ред да биде внесена и оваа точка од аспект на респектирање на вашиот сопствен заклучок и на Собранието дека ова ќе биде ставено во дневниот ред за денешната седница.

Мене не ми е познато од кои причини тоа не е направено, меѓутоа јас лично и мојата пратеничка група инсистираме оваа информација која е добиена од Владата да биде ставена на дневен ред на денешната седница.

Бидејќи станува збор за едно исклучително важно прашање, како што е безбедноста на државата, дотолку повеќе што мислам дека во ништо не е изгубена актуелноста, значењето и важноста на ова прашање, а како потврда на тоа се во последно време преземените безбедносни мерки од страна на надлежните органи, вклучувајќи го тука и господинот Трајковски, потоа загриженоста на Меѓународната заедница, меѓународниот фактор, како што е НАТО, КФОР и по се на некој начин укажуваат дури и поголема загриженост надворешните фактори за вкупната безбедносна состојба на Република Македонија отколку ние како највисок законодавен орган, т.е. Собранието да нема сили да смогне да ја постави оваа точка на дневен ред. Дотолку повеќе што веројатно пратениците кои не успеале денеска дел од оваа информација да ја прочитаат, ќе видат дека во голем дел на некои укажувања кои доаѓаа во последно време од страна на

нашата пратеничка група за овие актуелни состојби на безбедносен план дека и во Информацијата се потврдуваат.

Од тој аспект мислам дека вистинското место каде што треба да се покрене, иницира и да се расправа за актуелната безбедносна состојба, тоа е Собранието на Република Македонија бидејќи во спротивно мислам дека ние ќе се доведеме во ситуација да се маргинализираме сами по себе, односно да се покажуваме самите себе, односно пред меѓународната јавност дека не сме доволно зрели, способни како Собрание да превенираме потешки облици и форми на загрозување на вкупната безбедносна состојба во државата. Од тие причини уште еднаш го поставувам барањето оваа точка автоматски да биде поставена на дневен ред бидејќи станува збор за ваш сопствен заклучок како Собрание.

Исто така бидејќи во дописот од Владата стои дека станува збор за строго доверлива информација, ние сме подготвени седницата да биде и од затворен тип, меѓутоа да се расправа. Од тие причини мислам дека дури и во редоследот на точките во дневниот ред, согласно нејзиното значење таа би требало да се најде во горниот дел на точките, по можност прва или пак непосредно после пакетот на закони во врска со Владата.

Од тие причини мислам едноставно дека ова треба да се стави на дневен ред без никакво повторно изјаснување на Собранието по тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Љубомир Поповски за овие укажувања.

Почитувани дами и господа пратеници,

Јас Информацијата под строго доверливо денеска ја добив некаде после 10 часот и кај мене постоеше дилема дали со посебно решение, бидејќи имаме заклучок, во заклучокот стои дека треба да ја разгледаме Информацијата и нема што посебно да се произнесуваме. Меѓутоа, кај мене беше дилемата дали сите пратеници ја добиле и дали треба со посебно решение на наредната седница да ја ставам и да нема никакви проблеми околу расправата за да може матичните комисии кои што се врзани со оваа материја да расправаат и да донесат свои заклучоци. Тоа беше едната дилема.

Но, не пречи ништо доколку оваа наша седница потрае неколку дена, а веројатно дека ќе потрае и утре, во тој случај ние да го активираме заклучокот од минатата седница, да ја утврдиме оваа точка на дневен ред 27, 28, која доаѓа на дневен ред, а во меѓувреме, утре претпладне пред продолжувањето на оваа седница матичните комисии да заседаваат, да ја разгледаат, а дали ќе биде строго доверлива или не, тоа ќе треба да го каже претставникот на Владата, зависно дали ќе го симне строго доверливото или не. Но за тоа потоа.

Јас мислам дека ништо не пречи денеска да ја ставиме како последна точка на дневен ред, а утре соодветните комисии да заземат свои ставови.

Дали можеме да го прифатиме ова укажување, бидејќи имаме заклучок по ова прашање? (Може).

За збор се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе во медиумите се пишува неколку пати за еден интересен настан дека од девизните резерви на Народната банка е направена една трансакција, вложени се во Англо-југословенската банка околу 70 милиони долари пропаднале. Бидејќи 70 милиони долари или преку 70 милиони долари, како што велат таму се скоро три месечни пензии на нашите пензионери овде, а ние секојдневно преговараме со некои да ни дадат 30 милиони долари, 10 милиони долари, а најодговорната државна институција за располагање со девизни средства направила вака, јас барам на дневен ред да утврдиме, да побараме од Владата информација за овој случај и мерките кои Владата ги презема да се расчисти и ова и последици кои за тоа треба да се предвидат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, тука е заменикот министер за финансии да се произнесе по барањето на господинот пратеник Стојан Андов во врска со прашањето што го постави.

Има збор господинот Јордан Марков, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВ:**

Во моментот не би можел да дадам коментар, бидејќи кажувањата на господинот пратеник се многу сериозни, тесно поврзани со дефинитивни бројки сметам дека е порационално за да може да се расправа претходно да се изготви една информација. Во таа смисла за да не направам некои грешки, бидејќи не сум доволно во тек со тие состојби, би молел за

разбирање. Претходно да се изготви една информација која може да биде ставена на дневен ред на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот заменик министер за финансии.

Значи, тој предлага поради сериозноста на прашањето да се подготви една целосна информација и таа да се достави до Собранието, но не за оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега дискутираме за дневниот ред за оваа седница и јас предлагам ова барање и оваа информација да се утврди во дневниот ред, а они ќе си ја изготват, не мораме денеска да расправаме. Имаат време да изготват информација и да расправаме по неа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш веројатно ако бидат подготвени за наредната седница, можеме за наредната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Мерсел Биљаљи има пратеничко прашање.

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

По барање на повеќе вработени во ИГМ Вратница пред три седници барав информација од Владата во однос на процесот на приватизацијата на ова претпријатие од причина што ние како пратеници сите добивме една варијанта, едно согледување на тој процес кој изгледа според тоа што пишува дека до крај е изманипулирано, затоа и баравме информација од Владата да ја слушнеме и варијантата од Владата за да можеме да расправаме по таа точка. Така што не верувам дека тоа е возможно за оваа седница. Меѓутоа на прва наредна седница би требало таа информација да биде готова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што немаме претставник на Владата, тогаш ќе го доставиме тоа до Владата и ќе побараме да добиеме соодветни информации во врска со вашето прашање.

Дами и господа пратеници, бидејќи повеќе немаме дискутанти во врска со дополнувањето на предложениот дневен ред, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за.

1 воздржан и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага предлозите на одлуките за избор на претседател и членови на анкетна комисија за испитување на јавните набавки и на одборите за одбележување на втори август ден на Републиката, 8 септември ден на независноста, 11 октомври, ден на народното востание да бидат разгледани пред разгледувањето на другите точки од дневниот ред. Во овој контекст јас предлагам да се стават на гласање пред другите точки со оглед на итноста и потребата за избори на индивидуални органи, односно декани. Значи, да се стави и предлогот за именување на декан на Факултетот за туризам и угостителство Охрид, мислам членови во тој одбор и за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Медицински центар академик професор доктор Димитар Арсов, Крива Паланка. Овие да бидат разгледани пред разгледувањето на другите точки од дневниот ред. Јас мислам дека вообичаено ние ги прифаќаме затоа што се од поедноставен карактер пред да поминеме на разгледувањето на законите, да ги поминеме тие неколку точки од страна на Комисијата за избор и именувања, а потоа да одиме на другите точки од дневниот ред.

Според тоа, дали можеме да ја прифатиме оваа одлука на Комисијата? (Се прифаќа).

Минуваме на точката 22 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам да ли некој бара збор? - Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред. д:а го ставам на гласање сакам да ви кажам дека во врска со оваа одлука имаме поднесено еден амандман на точка 1. Пратениците Стојан Андов и Слободан Даневски поднесоа предлог амандман на точката 1.

Отворам претрес во врска со предлогот на амандманот на точка 1, поднесен од пратениците Стојан Андов и Слободан Даневски.

Дали некој бара збор?

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Писмото од пратеничката група на Либерална партија беше доставено до Комисијата за прашања за избори и именувања. Ние како комисија јас како претседател на Комисија го ставив тоа писмо на дневен ред и Комисијата не заседе став по однос на овој амандман. Така што јас како претседател на оваа Комисија немам ни право сега во името на Комисијата да заземам став. Нека се произнесат пратениците секој со својот глас дали е за амандманот, или е против амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Може ли пред да се изјасниме за амандманот со оглед дека тој се однесува на Одлука чиј состав е утврден со одлука за основање многу децидно како се основа Комисијата, господата Даневски и Андов да образложат од кои причини токму е одбран Ристо Тодоров, за да се замени со господинот Слободан Даневски, за да можеме да заземеме став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи од опозицијата се предвидени да бидат пет, двајца се од ПДП, а тројца од СДС, ние оценивме дека треба еден од СДС да отпадне и да влезе и од Либералната партија 1 пратеник. Точно за господинот Ристо Тодоров се определивме, бидејќи Благоја Стојковски е предвиден за претседател. Не сакавме него да го заменуваме. Другиот член е госпоѓица Шеќеринска и дама е, не сакаме и неа да ја заменуваме и мислевме дека останува само господинот Тодоров.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

го слушнавме образложението од господинот пратеник Стојан Андов.

Дали уште некој би сакал да се произнесе во врска со овој Амандман?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, образложението што го добивме навистина е од технички карактер. Суштината беше да се слушне во кој дел од одлуката дека Комисијата е составена од пет пратеници од опозицијата и четири од коалиционите партнери, зошто токму од делот на опозиционите партии господата Андов и Даневски вршат амандман за замена на еден од членовите. Сакаме јасно и недвосмислено да укажеме на ова Собрание и на пратениците кои ќе се произнесуваат по амандманот дека нашиот став е дека одлуката треба да се почитува доследно и децидно дека пет членови на оваа анкетна комисија се од редовите на опозицијата. Мислам дека единствениот критериум без разлика дали некој себе се нарекува опозиција, или власт, колку и каде тоа го истакнува, единствениот критериум за тоа дали некој е во опозиција на актуелната Влада, или неа ја подржуваат, е дали при изборот на Владата ја поддржал со сопствено гласање. Господинот Слободан Даневски при изборот на Владата гласаше за Владата. што значи дека неговото опозиционо дејствување од овој аспект за нас е неприфатливо затоа што може би партијата која тој ја претставува е партија во опозиција. Ние во тоа не навлегуваме. Меѓутоа, неговиот глас во собранието е позиционен глас за сите клучни проблеми во врска со Владата, вклучувајќи и избор на Влада кога тој ја поддржал. Тој не е во опозиција на оваа Влада. Доколку Парламентарното мнозинство одлучи оваа логика да ја прифати и да подметне , извинете на изразот, кукавичје јајце, во делот на пратеничкиот дел од опозционите пратеници да инволвира пратеник кој ја подржува Владата и тоа не само со гласањето за избор на Владата, туку и по сите законски проекти, тогаш ние ќе ја доведеме во прашање позицијата на СДСМ од аспект на учество во оваа Комисија, затоа што станува без предметно да учествуваме во таква комисија.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, ми се чини дека ќе водиме малку без предметна расправа од причина што парламентарното мнозинство веднаш после изјаснување на Владата го побара листингот се со цел да види кој стои зад Владата. Дали некој поддржува еден или друг законски проект на Владата воопшто не е важно од причина што понекогаш се случува и на наше задоволство и пратеничката група на СДСМ поддржува некој законски проект, а не е учесник во парламентарното мнозинство. Бидејќи јас лично го побарав листингот од гласањето, тој постои како таков, мислам дека е горе некаде во канцеларијата, согласно сознанијата што ги имам господинот Слободан Даневски не ја поддржува Владата и тој гласаше при нејзиниот избор за воздржан. Така што ми се чини дека целото образложение кое што беше дадено овде не држи. Се работи за член на опозиција во случајот и тој може и нема потреба од подметнување на никакво кукавичје јајце, бидејќи колку што досега мене ми е познато оваа партија и досега

настапуваше опозиционо, досега и сите нејзини ставови на нејзиниот лидер во јавноста беа опозиционо. Така што нема никаква причина во зависност од желбата на пратениците еден, или друг да биде избран како член на оваа анкетна комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа влада е избрана на 27 декември минатата година и нашата пратеничка група не гласаше за избор на оваа Влада.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, не е ова прв пат Никола Поповски јавно да манипулира и со парламентот и со јавноста. На 27 декември јас и тројцата пратеници од Либерална партија гласавме воздржано. Не ја поддржавме Владата. Барам Никола Поповски јавно да се извини. Ова не е прв пат, ја лаже и ја дезавуира јавноста.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот поднесен од пратениците Стојан Андов и Слободан Даневски.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Пред да гласаме деловничка интервенција има пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Согласно Деловникот господине претседателе, сакам да кажам за начинот на гласањето дека ние овој амандман како пратеничка група нема да го прифатимеи да го потврдам она што претходно го кажав од начинот на кој од позиционите партии беше извршена одбраната на неговото присуство станува јасно без да се свати како дволично, или како уценувачко сакам да предупредам дека поминувањето на амандманот ќе значи неучество на СДСМ во анкетната комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Може ме ли да побараме некое компромисно решение затоа што навистина не ни е цел, а целта ни беше опозицијата да има повеќе членови од позицијата во оваа комисија, оваа точка од дневниот ред да ја оставиме уште еднаш да се разгледа во Комисијата за избори и именувања да се најде одредено компромисно решение, да се усогласат ставовите и да не поминуваме на гласање, бидејќи гласањето може да не доведе до една многу незгодна ситуација.

Може ли господине претседателе на Комисијата да се повлече на уште едно разгледување?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, на вчерашната седница на Комисијата за избори и именување беше предмет на разгледување и расправа испратеното писмо од страна на Либералната партија со кое бараат учество во делот на опозицијата во анкетната комисија за испитување на јавните набавки. Мислам дека ќе биде јалова работата и без предметно веќе ќе биде по втор пат да го разгледуваме ова прашање, затоа што одлуката што ја донесовме е оваа, самите пратеници да одлучат на пленарнава седница дали ќе се отстапи едно место во делот на опозицијата на Либералната партија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа, мислам дека во најмала рака треба да се прифати сугестијата на претседателот. Да не се избрза сега со изјаснување Собранието, затоа што навистина ќе не стави во една голема дилема. Најпрво се изјасни пратеничката група на СДСМ дека ќе се повлече од составот на таа комисија и Комисијата всушност ќе биде без предметна работата на таа комисија и нема да биде соодветна. Нивното повлекување ќе ја стави во ситуација и пратеничката група на ПДП на слични размислувања од причина што во тој случај пратениците од позицијата ќе имаат мнозинство во составот на таа комисија. Намерата за формирање на оваа комисија беше токму спротивност, да опозицијата има контрола над таа комисија. И не случајно соодносот беше утврден со одлуката за формирање пет спрема четири во полза на опозицијата. Така што не е добро да се изјасни Собранието и евентуално да го прифати амандманот и после да доаѓаме во таква ситуација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сфаќајќи ја целокупната тежина на проблемот, јас затоа вака го поставив, затоа што навистина можеме да дојдеме во една многу незгодна ситуација.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, ова не е прв пат да уценува Социјал-демократскиот сојуз, така беше и кога се формираше анкетната комисија за атентатот на г-динот

Киро Глигоров. Секогаш тие изнаоѓаат нешто кога не им одговара. Ова што господинот Зибери го протежира и дава за право, ние не сме во коалиција со ПДП. Либералната партија иако е опозициона партија, не е во коалиција со ПДП и нема намера да биде во овој момент и ни случајно ни *со* Социјалдемократскиот сојуз. На г-динот Зибери од каде му е тоа право да одредува која е опозициона партија а која не е. Ние не партиципираме во власта, не учествуваме ниту со едно министерско место,ние сме опозиција. И ставот е јасен. И не знам сега од каде произлегуваат овие работи. А тоа,ако не сакаат да учествуваат да се работи, тоа е друга работа. Пак сакаат да направат маркетинг,да се формира комисијата, а да не работи. Три и пол месеци губевме на оваа работа. Проблемот е јасен.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас навистина не гледам никаква асоцијација помеѓу мојата изјава и коалиција меѓу нас и Либералната партија. Не знам во каква функција му беше изјавата на г-динот Даневски. Но, како и да е,негово е. Мене намерата ми беше да не се стави на изјаснување предлогот од причина што однапред го знаеме ставот на најголемата позициона пратеничка група. Јас реков дека евентуалното прифаќање на ваквиот амандман во слична ситуација ќе ја стави и пратеничката група на ПДП. Ако мислите да составите комисија каква ви е оваа сега, направете ја оваа и ќе ја контролирате вашата власт. Јас тврдам дека вие господине Даневски сте пратеник од позиција. Тоа може да се утврди при секое ваше изјаснување. Вие сте член на постојната комисија. Сега сакате и во оваа да се инволвирате. Јас не знам до кога вака? Вие најмалку имате право да разговарате за ваше учество во ваква комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Сејфедин Харуни побара збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Се откажувам затоа што координаторот го рече ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, мислам дека тука не би требало воопшто да се расправа од причина што ние веќе имаме одлука на Собранието во однос на составот на Комисијата и секако со никакво право, било со право на прегласување, под наводници, немаме право да ја прекршиме таа одлука. Затоа, мислам дека не би требало воопшто да се расправа ниту да се гласа од причина што тука се нуди еден амандман спротивен на претходната одлука. Нека се смени претходната одлука тогаш може да се поднесе ваков амандман. Тоа е логиката на нештата. А во однос на тоа што партијата на господинот Андов не е со нас во коалицијата, ние сме поради тоа многу среќни искрено да кажам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:

Господине претседателе, јас сакам да појаснам односно да повторам за нашиот став. Ние не навлегуваме во фактот дали Либералната партија е партија на позицијата или опозицијата. Тие се изјаснуваат како партија на опозиција и тоа нивно изјаснување доследно го почитуваме. Ние не спориме со фактот дали партијата е владина или опозициона. Меѓутоа, спориме сериозно со фактот дека господинот Даневски како пратеник на таа партија доследно опозиционо учествува во работата на Парламентот. Нашето видување за неговата работа во Парламентот во една и пол година наназад, особено откако се преминати во опозиција, упатува на фактот дека тој делува провладино во овој Парламент. Значи, ние не зборуваме и не спориме со партијата, туку спориме со неговото учество во овој Парламент како опозиција. Сега да не повторуваме, ако направиме една елементарна хронологија на тоа од неговите настапи што најчесто произлегува, најчесто произлегуваат нападите врз опозицијата во овој Парламент и одбрана на власта.

Затоа, укажуваме уште еднаш дека не спориме со опозиционата позиција на ЛП, спориме со тоа дека пратеникот Даневски може опозиционо да дејствува во рамките на Комисијата. Неговиот случај го одвојуваме во овој случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, ние сакаме да имаме член во оваа Комисија од нашата пратеничка група од многу проста, едноставна и на сите позната причина, што ЛП најрано, прва го покрена прашањето на јавните набавки. Веќе 1993 година во едно обраќање до Владата органите на ЛП бараа да се реши законската регулатива за ова прашање. Додека бевме во Владата цело време инсистиравме и притискавме да се донесе регулатива. Потоа беше донесена по наш притисок една Уредба за јавните набавки, меѓутоа, и таа добро не се применуваше, иако не беше целосна не се

изработи по оние барања кои ние ги доставивме.

Според тоа, мислиме дека најголемиот дел од деформациите, проблемите и неправилностите кои настануваат во јавните набавки, сепак и во овој момент, потекнуваат од недоволната регулатива, потоа од тоа како се користат празнините во таа регулатива и како не се почитува и таа таква недоволно добра регулатива. Бидејќи таа материја извонредно добро ја познаваме и постојано сме притискале таму да има ред и закон, да се средат работите, бидејќи претходно поставив едно барање што да влезе во дневниот ред на оваа седница, 70 милиони долари туку вака пишува дека загинале, пропаднале од Народната банка, во јавните набавки има многу повеќе такви. Да ви кажам, никој во светот нас не разбира како тоа бараме од други земји пари, од други земји бараме кредити, помош,донации, донаторски конференции организираме итн. а своите овде не внимаваме како се спроведуваат, не ми е јасно зошто некои луѓе овде се окупираат токму од нашата партија и пратеничка група да нема овде член. Меѓутоа, мислам дека тоа е проѕирно, проѕирна работа е и ние инсистираме, да биде, а дали господинот Даневски и нив ги критикувал, и СДСМ го критикувал овде, па веројатно има и некое право да критикува, а ја критикува и Владата исто така. И ние сме ја критикувале Владата дури и пред да почне СДСМ да ја критикува. Тие работи да ги оставиме ние имаме легално право како една од опозиционите партии да имаме член во оваа комисија и затоа тоа го предложив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Може ли пред да земе збор наредниот дискутант, јас да објаснам зошто побарав да се одложи оваа точка. Побарав да се одложи затоа што има најмалку три варијанти кои во координација и во консултација со претседателот на Комисијата и со шефовите на парламентарните групи да излеземе од една ваква ситуација која може да не доведе во многу непријатна состојба. Да ја симнеме за наредната седница, да извршиме консултации, да ги презентираме гледањата. Имаме можност со одлуката да го зголемиме бројот на членовите на Комисијата, повторно да биде застапен соодветниот однос, а да биде повторно застапен и ЛП. Можно е ЛП евентуално да се премисли друг човек да предложи, а постојат и други варијанти, не сакам сега да ги елаборирам тие варијанти. Но многу лошо ќе биде навистина ако денес пресечеме, се прифати амандманот, се повлече СДСМ, од учество на работата, и во тој случај немаме комисија. Затоа, да не пресечуваме и да не пренагласуваме,затоа што во тој случај мислам дека последиците можат да бидат многу непријатни кога веќе постигнавме еден општ консензус во Собранието дека сите сме против било какви криминални дејствија од било кого. Тука сега тоа прашање да го доведуваме во сомневање, а веќе се доведува со овој факт во сомневање, мислам дека е потребно малку разум, чекавме ние три четири месеци додека ја формиравме оваа Комисија, па можеме уште една недела да почекаме.

Господинот Чедомир Краљевски има збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, на ова укажување сега што го дадовте пред пратениците имам една забелешка. Треба да водиме сметка дека треба да се смени законот, односно одлуката да ја смениме, собраниската одлука во процедура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За следната седница ќе може тоа да го направиме.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Дали тоа го имавте предвид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа не е никаков проблем да го направиме, ако имаме волја воопшто овде, и ако сакаме да го решиме проблемот тоа можеме да го направиме, Тоа не е проблем.

Има збор господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Пратеничката група на ДА го поддржува предлогот на претседателот и мислам дека нема потреба сега да воспоставуваме атмосфера. Најдобро е да седнеме и да се договориме за овие варијанти што ги предложи претседателот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од принципиелна причина дали ќе биде овој или оној воопшто не ми е битно. Меѓутоа, мене ме загрижува една друга работа. Дали ние овде ќе решаваме со разум или со уцени. Правото на СДСМ да учествува во една комисија е негово право, меѓутоа, нема право на уцена. Овде вели или вака или вака. Што ќе биде ако така се поведеме по овој принцип и сите проекти што ги предлага Владата и други пратеници

овде да се условуваат и овде да се усвојуваат само ако се согласи СДСМ со свое учество. Сите пратеници имаат еднакво право, без разлика од која страна се. Меѓутоа, одлуката или соопштението преку нивниот координатор навистина ме зачудува како може да дојде - ако бива вака, ако не. Може ли да претпостави дека може да има и од другата страна исто такво уверуваше па да каже ако вие не сакате и ние не сакаме. Да дозволиме еден принцип да владее, принцип на одлука тие мора да бидат свесни и ние да бидеме свесни. Овде се решава со гласање. не се решава со волја. А принципот на договарање, јас се согласувам да се договараме. Меѓутоа што ќе не очекува ако не дојде до ова. Дали тогаш СДСМ ќе се согласи да ја прифати одлуката на Собранието, ако не се постигне согласност. Значи, ние имаме едно решение, или ние да прифатиме, или тие да не уценуваат. Сега нека ценат што ги очекува од таква работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател.

За збор со јави господинот пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, јас мислам дека ние како пратеничка група го прифаќаме предлогот на претседателот да не брзаме со оваа одлука, туку да седне претседателот на Собранието заедно со координаторите и да се договорат, со тоа ако се има добра волја од сите страни ќе се најде решение кое ќе биде прифатливо за нас. Меѓутоа, тука се спомнуваат уцени од една страна или прифаќање од другата страна. Дали не е поголема уцена од страна на ЛП во составот на оваа комисија да биде Даневски. До кога Даневски ќе биде член на анкетните комисии, почнувајќи од Гостивар, првата анкетна комисија за поранешните функционери, па и во сегашната анкетна комисија се сегашните функционери. Ве молам,дали не е уцена ова од ЛП, дали тие немаат друг човек, дали тој е незаменлив итн.

Затоа, ве молам, денес не ќе треба да се решава за ова да се состанете претседателот, координаторите па и Комисијата и да донесеме едно прифатливо решение за сите нас тука во Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Абдулади Вејсели., За збор се јави господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал само да потсетам на составот на постојната анкетна комисија која сега работи, а ги испитува јавните набавки на поранешната власт. Таму во составот на таа комисија соодносот е 5 на 4, и господинот Даневски е и во таа комисија. Прашањето е дали може тој да биде и таму и овде. Таму е во квотата на позицијата на власта, а сега сака во оваа Комисија да биде во квотата на опозицијата. Мислам дека е провидна работата, смешна и жалосна, една добра идеа на Парламентот кога ја донесовме одлуката на овој начин да се девалвира од страна на овој господин. Мислам дека нема да дозволиме. Овде особено ме чуди ставот на ВМРО-ДПМНЕ кој тогаш ја поддржа Одлуката, каде што тие се удираа во гради ние немаме ништо против, дека јавните набавки и на оваа власт треба да се испитуваат. Како ќе ги испитуваме сега со соодносот 4 на 5 во корист на власта. Ви се молам, тоа е смешна работа. Ќе ни се смеат и надвор меѓународни фактори кои и ден денес пуштаат извештај дека имаме пораст на корупција во Република Македонија, а сега ќе испадне дека треба самите да се контролираат. Мислам дека овие факти зборуваат дека господинот Даневски не може да игра двојна улога. Таму во таа комисија е во позицијата,на страна на владеачката гарнитура, овде сака да биде во квотата и ни го брише нашиот кандидат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубомир Поповски.

За збор се јави повторно пратеникот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги мешате работите. Таа комисија не е правена по некои квоти на опозиција и власт воопшто, така што Даневски никогаш не бил во квотата на власт. Тоа е прво.

Второ, ако воведеме вакви принципи да и се наметнува на една пратеничка група дали некого смееш да го предлага или не,и да го оценуваат другите, верувајте ние ништо нема да направиме, како Парламент не ќе можеме да работиме. Тогаш мнозинството ќе почне да ги остварува адутите на СДСМ и тоа е многу лош метод, етикетирање на луѓето и само заради тоа што не ни се допаѓаат ќе ги отстраните. Најкомпетентните можат да ни ги отстранат после, тие не чинат, тие не чинат, како така? Нереално е ако тој веќе навлегол во проблематиката на набавките таа да ја работи. Сега не можеме постојано

друг да ставаме таму. Ако некои работи во финансиите, се работи за финансиите, ако работи кај меѓунационалните односи ќе работи на меѓунационалните односи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници навистина можеме до бескрај да дискутираме, да дебатираме и да пронаоѓаме аргументи за и против. Мислам дека треба посмирено, чувајќи го достоинството на секој од нас. Зошто сега да го проценуваме тоа дали господинот Слободан Даневски е таму или ваму. Дајте принципиелно да го решиме тоа прашање. Јас мислам принципиелно да го одложиме, да седнеме малку смирено да ги погледаме сите аспекти. Не е проблем одлуката. Одлуката со членовите можеме на иста седница да ја донесеме. Уште еднаш да го видиме сето ова, затоа што не е добро. Секако, ќе најдете аргументи зошто ги уценувате луѓето, Либералната партија, имате ли право да поставите таков човек, ваков човек и тоа не е добро. Причекавме прилично време два,три месеци, да почекаме уште една недела, до следната седница, да седнеме да го разгледаме ова прашање целосно со координаторите на пратеничките групи, да видиме политичката волја не држи ли уште ова да го решаваме како што сметаме дека треба да го решиме и на тој начин да понудиме решение. Да не пресечуваме денес со гласање. Многу лошо ќе биде било како да гласаме, и ако гласаме негативно во однос на амандманот ќе се најдат навредени луѓе кои сакаат да работат од одредена партија и ако гласаме позитивно, во тој случај ништо нема да биде.

Затоа, го молам уште еднаш претседателот на Комисијата оваа точка да ја повлече денес од дневен ред, да ја разгледаме заедно и да ја поставиме на следната седница. Ако имате волја, ако не јас ќе терам деловнички до крај,па ќе се гласа, што да правиме.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Јас барам 5 минути пауза да се консултираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро половина час бара пауза координаторот на пратеничката група. (Реакција од пратениците дека се бара пауза од 5 минути).

Ќе ве молам, сите шефови на пратенички групи заедно со мене во оваа сала да се собереме.

(Пауза од 13,45 часот).

(по паузата седница продолжи со работа во 14,30 часот)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Дами и господа пратеници, сакам да ве известам дека ја имам согласноста на координаторите на пратеничките групи оваа точка да ја симнеме денеска од дневен ред и да ја разгледаме на една од наредните седници заради постигнување на решение кое ќе биде навистина и правно и политички и целисходно издржано.

Во таа смисла јас симнувам точката од дневен ред за една од наредните седници.

За збор се јави г-динот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе јас учествував во тој договор. Се договоривме да ја одложиме расправата по неа, а не да ја симнувате од дневен ред. Не можете вие да ја симнете, може да ја симне само тој што ја предложил или со мнозинство гласови некој да предложи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај предлогот за симнување на точката од дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме да се симне точката од дневен ред од денешната седница.

51 пратеник гласаа за, 18 против и двајца воздржани.

Според тоа точката 22 ја симнуваме од дневен ред од денешната седница.

Преминуваме на точката 23 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 2 Август. Ден на Републиката.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, три воздржани и двајца против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 2 Август- Ден на Републиката.

Преминуваме на точката 24 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 8-ми Септември. Ден на независноста.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, три воздржани и двајца против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување 8-ми септември Ден на независноста.

Минуваме на точката 25 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 11-ти Октомври - Ден на Народното востание.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес .

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

62 пратеника гласаа за, еден воздржан, двајца против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 11-ти Октомври. Ден на Народното востание.

Минуваме на точката 26 - Предлог на одлука за именување членов] на Комисијата за изготвување Предлог за именување декан на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, двајца воздржани и 10 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување дека на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Минуваме на точката 27- Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик професор д-р Димитар Арсов" Крива Паланка.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, еден воздржан двајца против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик проф. д-р Димитар Арсов" Крива Паланка.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени,.

Отворам претрес.

Молам , кој бара збор?

Дали претставникот на Владата, тука е заменикот министер за правда г-динот Стојанкиќ би сакал да ни даде определени воведни напомени во врска со овој закон.

Повелете.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Почитуван г-дине претседател, дами и г-да пратеници.

Најпрвин би сакал да кажам бидејќи првите три точки од 51-та седница на Собранието на РМ се однесуваат на една група на закони кои се од иста област и моето воведно излагање би се однесувало на Предлогот за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа; Предлог за донесување на закон за Владата на РМ и Предлог за донесување на закон за државните службеници.

Реформата на јавната администрација добива своја актуелност во периодот во кој РМ е остварен значителен демократски напредок и одредени

достигнувања во спроведувањето на реформите во економската сфера.

Реформата на јавната администрација треба да се одвива со забрзано темпо за да може да ги следи економските реформи. Во досегашниот период беа преземени мерки и активности кои одат во правец на воспоставување на реформските основи.

Денеска и во РМ созреа свеста дека мора да се вложат огромни напори и инвестиции за да се создаде ефикасен сектор на државни услуги, како битен предуслов за развој на земјата и процесот на евроинтеграцијата.

Во 1991 година, со новиот Устав на РМ се востановија принципите кои имаат директно влијание врз организационите и функционалните аспекти на системот на јавната администрација, принципот на поделбата на власта на извршна, законодавна и принцип на локална самоуправа. Меѓутоа, извесни уставни решенија во досегашната практика се покажуваат како некохерентни.

Реформата во јавната администрација треба да обезбеди развој на македонскиот систем на јавна администрација со следните клучни карактеристики:

- Мала јавна администрација;
- Едноставна структура на системот на јавната администрација во согласност со начелото на парламентарна демократија;
- Демократска администрација;
- Заштита на администрацијата при вршење на овластувања од политички и други интереси;
- Граѓански ориентирана јавна администрација;
- Деконцентрирана и децентрализирана,модерна јавна администрација:

Оттаму основните принципи за функционирање на новиот систем на јавната администрација би биле следните:

-Владеење на право, транспарентност, компетентност, стабилност, одговорност, предвидливост, еднаков третман, ефикасност и етичното.

Реформа на централно јадро на јавната администрација, државната администрација е клучната област на реформата која неминовно мора да започне во нејзиниот почетен период;

- Приоритетна цел на реформа во оваа област е поставување на правна рамка за функционирање на новиот систем на државната администрации"

- Реформа на системот на државната управа која се однесува на реформа на институциите во кои функционира дел од државната администрација и нивните функции се поставува како приоритетна задача.

Со новиот закон што денеска треба да биде разгледан во ова Собрание, Владата предлага 16 министерства во кои се обединети надлежностите од досегашните 21 министерства. Оценката дека за државата каква што е РМ извршната власт успешно ќе ја оствари својата функција со 16 министерства.

Во однос на државните службеници, специфичниот статус на државните службеници ја наметнува потребата за донесување на закон што се однесува само на нив и да се одвои од општите одредби на работното законодавство.

Спецификите што произлегуваат од потребата за почитување на уставниот поредок, потребата за лојален однос кон носителите на демократски избраната власт при вршење на работите и задачите кои ни се доверени при што истовремено треба да се обезбедат квалитетни и навремени услуги за граѓаните кои ја избрале власта.

Заради тоа од аспект на утврдување на основната законска рамка за државни службеници што е поставена како приоритетна цел во почетниот период на реформите, неопходно е донесување на посебен и во доволна мера кодификуван закон за државни службеници.

Примарна цел на Законот за државни службеници е државата да обезбеди заштита на одреден степен на квалитет, професионалност и неутралност во работењето на администрацијата, а не да дефинираат подобри и побезбедни работни услови за државните службеници.

Во оваа прилика би сакал да го искажам уверувањето на Владата на РМ дека со денешнава расправа по предлозите за донесување на овие три закони РМ ќе го започне реформските процес на јавната администрација.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на заменик министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ за воведните напомени во врска со трите закони кои се како пакет закони

што ние денеска водиме расправа најпрвин по првиот закон Предлог за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа.

За збор се јави, во рамките на општиот претрес , г-динот пратеник Горѓи Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Денеска се отвора пакетот на закони за реформата на државната управа. Дозволете ми да кажам неколку збора во врска со целиот пакет на закони. Навистина е голема штета што на почетокот на една ваква значења реформа на државната управа не удостои г-динот министер за правда во чија надлежност спаѓа оваа реформа на државната администрација.

Реформата на државната администрација е една од најзначајните реформи која треба да се изведе во РМ. Мислам дека во целиот свет се согласуваат дека без реформа на државната администрација се јавуваат големи проблеми и се отежнува реализацијата на реформите во економската сфера и реформата во политичкиот систем.

Сосема е природно што во РМ нема политичка партија која што во својата програма нема запишано дека една од целите на нејзиното владеење треба да биде реформата во државната администрација односно претворањето на старата државна управа во јавна администрација или во јавен сервис на граѓаните.

Сите политички партии на тој план подеднакво се чувствуваат и се согласуваат и во Македонија речиси постои национален консензус околу тоа дека Македонија треба преку реформата на државната администрација да се здобие со таков јавен сервис на граѓаните кој ќе обезбеди тоа да биде оптимален по бројот на вработените во него, да биде ефикасна во поглед на давањето на услугите на граѓаните и остварувањето на нивните права.

Потоа, тоа да биде деполитизирана и департизирана јавна администрација односно јавен сервис на граѓаните кои нема да дозволат дискриминација на ниту еден граѓанин во остварувањето на неговите права врз основа на политичка дискриминација, дека тоа треба да биде одговорна јавна служба , почитување на работното време, односот со странките нејзините услуги и сето тоа што таа го дава како услуга дека тоа треба да биде материјално стимулирана јавна администрација врз основа на стручноста на луѓето кои ќе работат со неа, дека тоа треба да биде управа без непотизам и без корупција со цел таа бирократија да не ја заменуваат граѓаните со името клептократија.

Ваквата определба на сите политички партии во Македонија не е случајна и таквата определба на политичките партии произлегува пред се од три позитивни притисоци со кои се соочуваат политичките партии во Македонија.

Едниот притисок доаѓа ред се од страна на граѓаните на кои несомнено долго време им е смачено да чекаат по бројните шалтери и да гледаат мрзоволни лица кои не сакаат да ги услужат или не се знае каде отишле, а истовремено да немаат никаква одговорност за тоа што така се однесуваат кон граѓаните само врз основа на тоа што се ќерки, сопруги или лица на луѓе кои стојат повисокиот во хиерархијата на таа државна администрација и кои никогаш нема да одговараат за интензивното малтретирање на странките пред шалтерите.

Вториот притисок и заради тоа сите како политички партии мораме да водиме сметка за тоа незадоволство на граѓаните. Втората димензија е незадоволството на оние што се занимаваат со бизнис и на странските инвеститори за да добијат дозвола за изградба и за започнување инвестиционен проект во Македонија потребни им се повеќе од 30-тина дозволи од разни управи во Македонија на кои се чека со месеци, па и со години и се уценувани на различни начини за да можат да ги отпочнат тие инвестициони циклуси со што се забавува и економската реформа и функционирањето на целокупниот стопански систем во Македонија.

На крајот позитивниот притисок доаѓа и од институциите на ЕУ кои не можат да не прифатат како демократска држава додека не создадеме компатибилен систем на државна администрација кој подеднакво ќе комуницира со надлежните ресори на ЕУ кон која се стремиме да се интегрираме.

Несомнено постоеја и постојат причини и за бавниот бд кон овие реформи. Едната од тие причини е секако сложениот систем на државната администрација и едноставно неподобноста односно неможноста тој систем брзо да се реформира заради неговата инертност во трансформацијата на таа јавна администрација и заради можните сопки што самата може да ги создаде независно од законите што се усвојуваат и тоа ќе треба да го имаме на ум затоа што законската

реформа истовремено не е реформа на менталитетот со што ќе направи се во новата форма старата администрација да остане и да се однесува на ист начин.

Втората дилема со која беа соочени и претходните министерства за правда околу тоа каков модел на јавна администрација ќе избереме околу кој се разликуваа мислењата на експертите кои учествуваа во изработката на сите овие закони и проекти и кои меѓу другото покажуваат дека постојат различни модели од оние што се во САД, во Континентална Европа и самата Континентална Европа многу се разликува во однос на тоа кој ќе биде шеф на државната администрација, како таа ќе биде организирана, кои се делови на државната администрација ќе можат да се приватизираат за да не дојде до масовно отпуштање на еден дел од вработените во неа.

Постои политичка причина за бавноста заради тоа што сепак државната администрација од секогаш и се уште се смета како едно подрачје кое може да обезбедува вработување за роднини, пријатели, партиски соборци, истомисленици и едноставно таа реформа на некој начин многу се одлага.

Меѓутоа, денеска со оглед на тоа што доаѓа овој пакет за реформа на државната администрација сметам дека треба да добие јавна поддршка во однос на целите, во однос на идеите, во однос на интенциите да се реформира државната управа на Македонија. Зошто?

Затоа што на сите во Македонија меѓу другото ни е потребно да обезбедиме потребно достоинство на професијата - државен службеник, која одамна веќе не постои. Да се заштити тој државен службеник од политичка манипулација и инструментализација преку процесот на деполитизација и департизација и да се осигури неговото работно место до колку тој ги почитува законите и она што му го налага стручноста и службата на која тој работи.

**ГОРЃИСПАСОВ**: (Продолжение)

Да се обезбеди потребното ниво на одговорност како државен службеник, ако не го почитува законот и обврските, или доброто поведение кое што е пропишано со кодексите за неговото однесување.

Пота, да се воведе систем на напредување на луѓето во државната администрација во зависност од нивното дополнително знаење во нивната кариера и да се обезбеди систем на материјално" стимулирање со што оваа професија ќе се направи најпривлечна за оние кои што знаат, умеат и треба всушност да ги вложат своите знаења во доброто управување со оваа држава.

Сите овие цели, интенции идеи на реформата на државната администрација СДСМ ги подржува и тие беа подржани во бројните напори да се изготви еден дел од овие закони кои денеска ќе ги разгледуваме и дел од тие закони во еден голем дел од она што сега се разгледува беше изработено во рамките на претходниот период. Меѓутоа она што очекувавме, очекувавме дека дел од тие закони ќе дојдат многу брзо на дневен ред во Собранието, веднаш по извршените промени на политичката власт и тоа требаше да се случи веднаш на самиот почеток од примената на власта, затоа што партиите кои што се во владеачката коалиција ветуваа такво нешто. Меѓутоа, што се случи? Наспроти нашето укажување дека не е реформа на државната администрација Владата која што имаше 15 министерства во претходниот период да се зголеми за 6 нови министерства и дека тоа е наспроти не само глобалната ориентација за реформа на државната администрација , туку и наспроти укажувањата на ММФ, Светската банка и сите експерти кои што престојуваат во Македонија и кои што го кредитираат овој проект со 6 милиони ДМ односно со 3 милиони еки. Од нивните експерти кои што работат во Македонија беше речено дека 21 министерство се токму толку колку што и се потребни на Македонија да она успешно да функционира. тогаш рековме дека Македонија всушност на сопствената големина и на она што го произведува како материјално богатство во Македонија сосема ќе биде доволно да има барем исто, или помалку министерства отколку што има денеска една Словенија, а тие се 11. Во структурата на тие министерства всушност треба да бидат оние министерства кои што Европа ги посакува, како што е Министерство за европска интеграција или Министерство за јавна администрација, а не како оние што ни беа предложени врз основа на она што беше тогаш кога се составуваше Владата.

Тогаш укажувавме на тоа дека во програмите на некои политички партии постојат доста противречни, едноставно неисполниви делови во врска со реформата на државната администрација. Денес јавно се зборуваше за создавање на оптимална по бројка државна администрација на Македонија односно јавен сервис на граѓаните, а од друга страна обраќајќи им

се на низа целни групи во рамките на избирачката популација се ветуваше дека ќе се создаде министерство за иселеништво, министерство за спорт и млади, министерство за спорт и млади, па министерство за трговија и т.н. и т.н. што на крајот на краиштата испадна дека ветувањата биле поважни од генералните определби и цели и спротивните ставови кои што стојат во еден друг дел од програмите. Македонија го доби тоа што го доби и сега како што гледаме всушност Владата се враќа на нешто кое што всушност претставува едно министерство повеќе од она што го имавме пред да започне реформата на јавната администрација.

Тогаш укажувавме дека е многу штетно да се започне со политизација и партизација на јавната администрација, меѓутоа бевме сведоци дека во еден долг период, не само како критики од страна на опозицијата, туку воопшто од страна на македонската јавност се случи мошне груба партизација на сите сектори во рамките на јавната администрација и дека партиската книшка беше основа за вработување не само во јавната администрација каде што се јавните ресори и сектори на јавната администрација туку и во најдолните ешалони во рамките на таа управа.

Трето, беше ветено дека за 3 месеци меѓу другото ќе се донесе закон за спречување на корупцијата во кој што закон како составен дел на реформата на јавната администрација ќе биде инкорпориран така наречениот закон за конфликтот на интересите што требаше да спречи злоупотреба на функцијата во интерес на роднините, пријателите и др. Се понуди еден таков закон за спречување на корупцијата, меѓутоа се чини дека парламентарното мнозинство целосно го заборави тој закон и веќе воопшто не споменува што станува со него и дали има намера да го донесе и дали воопшто од она што таму е запишано дека носителите на јавни функции ќе поднесуваат изјава за нивната имотна состојба, која што ќе може да ги проверува специјална комисија за да се види дали ја злоупотребиле и за колку го зголемиле сопственото богатство за време на мандатот, едноставно такво нешто не функционира и се остава простор за сите оние афери кои што се присутни во врска со корупцијата на државните функции и на државните функционери.

На крајот, она што за жал минатиот пат интервенирав, се прогласи како прв закон во рамките на реформата за јавна администрација Законот за предвремено пензионирање со кој што всушност Закон се ослободија од работа луѓе кои што работат пред се во сферата на образованието, науката, униформираните делови на МВР, во рамките на одбрана и т.н., кои што според овие закони не спаѓаат во јавна администрација. Тогаш ни се тврдеше дека тоа е еден од реформските закони во врска со државната администрација и тоа нема никаква врска со вистината.

Денеска несомнено се предлага закон, законот што е сега на дневен ред кој што предлага бројот на министерствата да се смали од 21 на 16. Навистина, практично со оваа така наречена реформа, јас ќе кажам дека во однос на другите закони ќе го подржиме законот за државни службеници и законот за Владата, спаѓаме на нивото на веќе формираната јавна администрација од почетокот на мандатот на оваа Влада.

Оттаму мислам дека како СДСМ сме подготвени да го подржиме овој проект доколку тој навистина ги остварува целите кои што се содржани во стратегијата за реформа на државната администрација, а тоа значи да се согласи Владата да прифати амандмани за смалување на министерствата од 16 на 11.

Во тој случај сметаме де:ка Македонија ќе добие состав на Влада кој што одговара на критериумите кои што ги предлагаат и ММФ и Светската банка. Ќе имаме практично простор во рамките на таквата структура на Владата да се обезбеди и оптимално опремување со кадри на тие министерства, а истовремено да се обезбеди и смалување на вишокот на вработени во рамките на таквата државна администрација.

Во таа смисла сметам дека би било добро со оглед на тоа што Македонија има интерес овој процес на информирале на државната администрација да го направи што подобро, што поуспешно со што поголем политички консензус кој што ќе гарантира дека нема да има никакви промени и проблеми дури и со промената на власта во Македонија, да во рамките на расправата за вакви значајни проекти сепак да се има разбирање за предложени амандмани од страна на СДСМ. Во таа насока, бидејќи е составен дел и на образложението во рамките на овој закон да се има предвид дека можеби едно од министерствата кои што се потребни во Македонија треба да биде министерство за европска интеграција, а другото министер за изградба на овие системски закони. Инаку, на претходниот

пратеник Котевски, сигурно парламентарната група на СДСМ можам да му одговорам дека таква информација во целост ја прифаќаме колку се вработени од 1990 година, до 2000 година. Тоа не е проблематично. При донесувањето на законот за предвремено пензионирање ги баравме тие податоци, но не ги добивме. укажувањето ми е таа улога или таа шанса ако ни е дадена, за Република Македонија треба најконструктивно со укажување да придонесеме за изградба на овие закони. Можеби и пратениците и овој интерес што го искажа пратеникот Ханџиски што не предизвикуваат интерес и бегање од основната тема и самите закони и укажување од потребата за донесување со давање на забелешки со доизградување се еден голем и крупен недостаток од страна на самото претседателство особено на претседателот на Собранието на Република Македонија и сигурно тоа треба да се разгледа. На вакви закони не може парламентот. Не може парламентот да расправа. Парламентот е хендикепиран кога овој системски закон кој се донесува со двотретинско мнозинство сложен и обемен пратениците го добиваат пред два или три дена.

Претседателот и претседателството на Собранието не смеат да си дозволуваат на пратениците да им доставуваат решенија согласно деловникот 15 или 20 дена во кое решение пишува има предлог на дневен ред од 30 точки, а точката 8 и 9, само две точки се доставени, а другите 30 точки ќе ги добиеме пред самата седница. Мислам таквиот начин на доставување, дали е проблемот во Владата, а за овие закони има еден друг проблем. Овие закони од Владата се излезени пред месец или два, затоа мислам дека досегашните укажувања не одат во функција, бидејќи голем дел од пратениците ги немаат прочитано. Но, тоа е дел за натамошна соработка.

Одредени дискутанти точно укажаа дека постои голема разноликост во структурата на Владите во Европа. И тоа е точно има и со поголем број на министерства и помал број. Но, во целокупната структура на Влада кое сега е Министерство за локална самоуправа, да се трансформира во некакво министерство за јавна администрација. Веќе тоа како што постои во сите други држави во светот ќе има многу пошироки ингеренции и ќе го опфаќа делот што се однесува на локалната самоуправа и не останува само на администрацијата во сферата на локалната самоуправа, која што не е безначајна, меѓутоа никаде или многу ретко во светот постојат такви министерства. На тој начин да дојдеме навистина до еден модел на јавна администрација, јавен сервис на граѓаните кои што ќе биде во функција на остварување на овие цели за кои што мислам дека еднодушно ги делиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Ѓорѓи Спасов , не само за дискусијата туку и за конкретните предлози кои водат кон една поефикасна јавна администрација, која што навистина е во ред и е во тренд со европските барања и текови.

За збор се јави г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници , читајќи го образложението на предлогот на Владата искрено признавам дека ми се причинува дека скоро децидно се кажува или се наведува тоа што беше кажано во другата сала, во зградата на Владата пред две години. Значи и тогаш ние кои прв пат се прогласивме за опозиција кажавме дека се неопходни реформи во државната администрација,кажавме дека е неопходна трансформација на јавната управа, државната управа треба да се рационализира, треба да се воспостават механизми за поголема ефикасност на државната управа и т.н. И тогаш ние кажавме дека ако сакаме да се вклучиме во потребниот тренд на интеграционите процеси неопходно е да се слушаат сугестиите од Меѓународната заедница, од меѓународните организација, од Светската банка, од ФАРЕ од Сигма и т.н. Истото и денес се кажува тука.

Да бидам искрен, читајќи го законот не можам да кажам дека до крај законот е многу лош иако навистина има некои посебни недостатоци и контрадикторности и би требало предлагачот врз основа на дискусиите кои ќе бидат кажани овде од страна на пратениците да се изврши корекција на тие недостатоци контрадикторности и т.н. Еве само еден пример. На пример во членот 9 од предлогот се наведува дека органите на управата не се должни да даваат податоци кои се однесуваат на националната безбедност, деловната тајност. Од правен аспект тоа не е никаква формулација од причина што ако не се должни значи не се ни забранети ни да даваат такви податоци, туку правнички тоа не одредува ништо, ниту забранува ниту предвидува. Може да се каже дека нема

право да дава такви информации, но тоа беше само еден пример.

Пред две години исто така расправавме, а ако добро се сеќава можеби не сум во право, ние тогаш одлучивме да се донесат измените и дополнувањата на Законот за управата без двотретинско мнозинство иако во Уставот е многу децидни и пишува дека организацијата и работата на органите на управата се уредува со закон и со потребно мнозинство односно двотретинско мнозинство. Сега мислам дека сме убедени дека тоа така требаше и тогаш.

Но, се поставува прашањето дали навистина е логично и дали воопшто има логика да се чека две година да се потврди една теза која тогаш беше игнорирана или на арогантен начин беше отфрлена од парламентарното мнозинство. И тогаш ние кажавме дека постојната администрација, иако мора да се признае дека беше и вина од минатата власт, администрацијата е многу гломазна и како таква во органозациона смисла е нефункционална, непродуктивна, неефикасна и до крај корумпирана, а сега уште повеќе корумпирана.

Кога сме кај најчувствителниот закон , тоа е во колкава мера органите на управата или јавната администрација се деполитизирани. Што правиме ние? Веројатно имаме консензус за тоа дека државната администрација воопшто не е деполитизирана , туку докрај е политизирана и се поставува прашањето што произлегува како обврска од сите институции, а и од овој парламент, посебно за Владата колку се прави и дали воопшто се прави нешто оваа важна структура за функционирање на државата да оди во правец на тоа да се департизира, деполитизира, професионализира и т.н. Јас мислам дека нажалост не можеме да кажеме тука, ние сме сведоци на една многу сложена состојба во државната администрација која веќе не е сервис на граѓаните, туку е сервис на политичките структури, политичките партии кои ја водат власт, политичките комесари во рамките на локалните партиски структури, централните партиски структури и т.н. Што правиме со тоа. Ние ја доведуваме во пра-шање егзистенцијата на структурата на државата. со тоа ги доведуваме во прашање интересите на граѓаните,правата и обврските на граѓаните. Значи, практично ние дискриминираме огромен број на граѓани само заради нивното поинакво убедување, или ако сакате, индиферентно убедување. Замислете сега како точка на дневен ред што ќе го имаме законот за државните службеници , каде се предвидува и таква можност да државен службеник да може да полага испит пред својот претпоставен. Замислете ваква политичка и партиска структура и под партиско влијание што ги имаме тие односи, што ќе произлезе од тоа. Нема шанси да произлезе нешто попаметно освен катастрофа, бидејќи тие луѓе, нажалост, кои ги водат и локалните органи на управата и локалната јавна управа и средниот слој, или средната структура на управата, а и високата структура на управата нажалост се луѓе кои работеле за партиите на власт и кои единствено се должни таму каде што се , затоа што работеле за партиите, а професионалниот сегмент мислам дека е последно што се бара од нив. Замислите колку има кредибилитет, морално право тие луѓе да вршат испитување на структурата што е под нив. Мислам во тоа ќе се убедиме со времето со тешки злоупотреби, со условување и т.н.

Сега, што е најважно да се постави пред овој парламент, а и пред другите структури. Тоа е како и што треба да направиме, каква законска регулатива , какви структури, какви механизми можеме да предвидуваме за да се воспостави една минимално функционална администрација минимално одговорна, оперативна и ефикасна администрација. Ова прашање ако не го поставиме тука веројатно и немаме кредибилитет, ниту имаме морално право да се повикуваме на интересите на граѓаните.

Гледано долгорочно, без оглед на тоа од партиите кои ја имаат власта, мислам дека со составување на не интелектуална структура, а и по малку и арогантна структура на која единствена сила се аролганцијата и политичкиот кредибилитет мислам дека и тие партии на крајот се констатира дека тој потез бил самоубиствен, меѓутоа нажалост не само за нив туку и за граѓаните во целост.

Мора да размислиме , нема да се јавам повторно за законот за државни службеници, која на жалост не предвидува некои поважни иновации за поефикасна администрација, ние мора да предвидуваме механизми да се констатира професионалност на луѓето кои работат во администрацијата. Ако не предвидиме механизам со кој ќе се констатира како тие ќе се вклучат и како ќе унапредуваат во својата кариера врз тие механизми кој мора докрај да бидат професионален испит, тогаш веројатно ќе одиме поназад.

Друго прашање кое треба да се постави тука, а кое исто така е наша улога, а и улога на средствата за јавно информирање, тоа е прашањето како да се смени свеста, дијаметрално да се смени свеста во од нос на сфаќањето на тоа што е државна администрација односно граѓаните да го сфатат тоа и како бирократот или администраторот се сваќа себеси во однос на граѓанинот. Така што нажалост , се уште и после толку години ние имаме едно контрадикторно сфаќање од страна на администрацијата , така што администрацијата мисли дека граѓаните се поради администрацијата, а би требало тоа да биде поинаку односно администрацијата постои поради граѓаните. тоа општо начело мора барем минимално да се почувствува. Важно е администрацијата не само вербално да се професионализира, деполитизира и департизира, тука е важно да изградиме реални механизми, законски механизми, за да се имунизира администрацијата и да биде одговорна само во однос на тоа колку го почитува законот и колку е професионална. Друга варијанта веројатно е многу штетна за нив.

Без вакви измени и без вакви трансформации јас мислам дека ние можеме да донесеме било каков закон, можеме да глумиме и одглумиме било какви реформи, можеме да се пофалиме со тие реформи, веројатно нема да направиме повеќе од нула.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали.

За збор се јави г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван г-дин министер,

Ова е еден важен закон кој ние во мандатот го донесуваме веќе по втор пат, ова е негово изменување и јас би сакал накратко да се осврнам на тоа како гледам на самата поставеност на органите на државната управа кај нас, а исто така и нешто за понудените решенија.

**ЈОРДАН БОШКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Десет години горе, долу е една солидна рамка за да се прилагодиме кон уставните одредби, исто така да се помират потребите на општеството, поточно граѓаните да можат сосема опипливо да бидат во контакт со тие органи. Секако има место и за практиката, за тоа како се водат постапките, на што се наидува како поединец, или правно лице. Но, мислам дека при оваа пригода тоа најмалку може да биде предмет на претресот. Она што е сега во текст наведено заслужува внимание и би сакал да дадам поддршка бидејќи сметам на некој начин потребите на земјата ќе можат да бидат подобро помирени.

Јас имам и мои забелешки. Во начело не се почитува повторно до крај поделбата на власта во три дела, тоа е: законодавната, извршната и судската. Овие органи на државната управа сепак се под ингеренции на извршната власт. За мене останува и натаму отворено кое е тоа право за законодавниот дом со 2/3 мнозинство и понатаму да решава за структурата, односно за организацијата на тие органи. Кога веќе некој добива политички мандат или политичко мнозинство од граѓаните, а тоа е тој пренесен суверенитет најпатно е да биде и толку многу снажен тој лично да си избере какви органи ќе има во земјата. Таква флексибилност тука не гледам и да ви кажам отворено бидејќи веќе еднаш и поддржав измена во доменот на министерствата. Овој пат тоа ќе го произнесувам сосема јасно дека ние не е упатено да се мешаме во доменот на извршната власт. На некој начин собранискиот модел од стариот систем продолжува. Едноставно такво расталожување би било нужно. Ако има снага, или простор маневарски убаво ќе биде кога ќе го имаме Предлогот на закон навистина Владата да биде по сила на ваков закон, сепак толку многу оснежена самата да си ги избере и да ги воспостави тие органи.

Конкретно кон понудените решенија и таму каде што е почувствително за и мојот прилог да не биде многу долг, а и да не биде со тоа тежок, јас би сакал да кажам дека во делот каде што се врши попис на министерствата, тоа е членот 13, по мое видување има преголем број на министерства. Не е тоа дека опозицијата предлага помал број. Јас лично сметам дека нам ни е потребно да се гледаме на тие држави кои барем се членки во ОЕЦД и по нивен терк да ги средуваме работите. Има успешни држави со седум министерства, има со 10, има со 11, секако има и со поголем број, а има и неуспешни, односно држави кои не можат своите финансии да ги доведат во ред. Моето видување за Република Македонија е дека може да биде овој број драстично намален. Сметам дека министерство за неевропски интеграции, туку за Европа може да се воспостави. Треба да се размисли тогаш добро кои ќе бидат неговите компетенции и бидејќи

самото Министерство за надворешни работи исто така го обработува тој терен. Но. јас би сакал сосема јасно да кажам дека по мое видување нема многу место Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика да се одделени. А пак министерствата за локална самоуправа, култура, развој, како и Министерството за транспорт и врски навистина мене ми се не до крај, односно не ми е до крај јасна потребата на нивното натамошно опстојување. Не би сакал ова да биде сфатено со зла намера, сепак заложбата е да имаме ефикасна власт. И една од горливите теми барем во оваа декада на нашето политичко опстојување беше сепак каков однос, кои врски ние ќе ги развиеме и преку државната структура со нашите сонародници во странство. До 1998 година, или крај на 1998 година се виде дека не е упатено да се работи на начин, еве дали само Матицата е задолжена за иселениците. Ние воспоставивме Министерство за иселеништво и тоа Министерство за неполни две години покрај редицата конструкции, поточно наместени, медиски наместени афери ги зацврсти односите со иселеништвото. Ние имаме сега бележити посети на видни бизнисмени од прекуокеанските земји со наше потекло, носители на научни титули, други достигања. Сега се предлага тоа министерство да се укине и да биде еден вид одделение во Министерството за надворешни работи. Доколку веќе останува во органите на управа тогаш е упатено да си остане и како министерство, или барем да биде раководено од човек кој има ранг на министер. А ако е само еден сектор во Министерството за надворешни работи, тогаш може да дојде и до извесна колизија. Тоа Министерство е по службена линија задолжено да ги води и односите со државите каде што нашите сонародници нашле свој домицил . Од друга страна и тие држави можат да се чувствителни на такви активности. Од тука мислам дека многу лежерно, многу лесно е Министерството за иселеништво ставено под маса и околу тоа ќе мора да се поведе сметка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, денешнава расправа во Парламентот по овој закон јас ќе ја ставам сосема на кратко во контекст и на едно прашање на кое што почесто говорев во Парламентот и за кое што прашање барав одговор од Владата, а кое што прашање е суштествено за Република Македонија. Прашањето е зошто барем до денеска не се склучени аранжманите од новата позиција со Светската банка и ММФ. Одговор сосема краток, токму заради и ова. Значи има многу причини, но една од причините е и оваа. Иако во јавноста најчесто се говори за време на митинзите со мисиите од Светска банка и од ММФ дека разговорите напреднале, но дека најголем проблем дури понекогаш и единствен проблем за склучување на аранжманот е проблемот на загубарите. Не, господа пратеници, ако сакаме да бидеме чесни пред себе тоа треба да го прифатиме, да го признаеме и да поработиме тоа да се промени. Тоа значи дека за ФЕСАЛ аранжманот постојат и бројни пречки, други пречки на кои што барем во овие изминати 15, 16 месеци на нивно отклонување оваа Влада не работеше и заради тоа и поради тоа резултатот е се уште не склучен аранжман со Светската банка и ММФ. Јас се сеќавам не почетокот на мандатот на овој парламентарен состав пред пратениците дојде Законот за измена на Законот за органите на управа. Во содржината на Законот, во материјалот кој што го пратеше Законот беа образложени и причините поради кои се предлага донесувањето на тој тогаш таков Закон. Тогаш во образложението се презентираше дека составот на Владата и организацијата на органите на управа се предопределени со општиот пристап кон поставеноста и улогата на државата, а во тие рамки и извршната власт во целина на системот на односи засновани врз парламентарна демократија, пазарно стопанство, правна држава и човекови слободи и права. До тука спорно нема во образложението. Но, продолжува образложението: предложениот организационен концепт на Владата и органите на управа кореспондираат со европскиот модел на Влада и ги антиципираат натамошните реформи на државната управа што ќе ги предлага Владата со што ќе се постигне поефикасно остварување на функциите на министерствата на кои се однесуваат предложените измени. Ова е дословно образложение кое што е поднесено пред овој состав, пред нас пратениците за да ние се изјасниме во таа прилика дали ќе гласаме за така предложениот закон тогаш. А Законот тогаш предлагаше енормно да се зголеми бројот на министерства во Република Македонија и таков организационен состав на Влада која што се уште функционира во Македонија е европски модел на Влада и дека тој

претпоставува дека во Република Македонија со тој организационен концепт ќе се реализираат ефикасно реформите во сите сфери во животот во нашата држава. Ама господа не било така. Тој закон не бил реформски, тој закон не бил закон кој што ја приближи Македонија кон европските интеграции, или ако сакате тој закон не донесе конституирање на Влада по европски модел кој што го зацртавте тогаш вие. Не било така. Вие кажувате дека не е така. Со предлогот денешен постапувате радикално од тогаш предложениот закон и донесениот закон и се согласувате со нашите дискусии кои што во таа прилика ние ги презентиравме пред овој Парламент, дури и пред јавноста во Република Македонија дека така конципираната владина структура во Република Македонија ја оддалечува Македонија од патот кон реформите. Преговарачката позиција на Македонија ја олабавува и со тоа е многу тешко, а се кажа дека е тоа така, Македонија може да се надева, а не само да склучи аранжман со финансиски институции кои што треба и финансиски и логистички да го пратат севкупниот развој во Република Македонија. Се согласувате и ни е многу драго што се согласувате. Но, жалиме што поминаа 17 месеци од тогаш до сега за да сфатите дека сте згрешиле тогаш, а ќе се согласите сега. Многу жалиме затоа што многу е непријатно, многу е економски неоправдано да заради ова Македонија да биде една од ретките, можеби и единствена земја која што поминува низ транзиционен пат која што нема актуелно склучено аранжман со Светска банка и ММФ и тоа го нема 17-тина месеци. Значи, мораше да се сфати тоа, мораше да се даде оценка која што јас ја презентирам денеска овде за да се повика Владата на потребите на граѓанството во Република Македонија и да предложи закон кој што е сугериран и кој што го препорачува Светска банка да го предложи во ваков, или сличен текст. Не зборувам на памет, го имам Извештајот од Светска банка каде што се анализира организационата поставеност на Владата и во кој што Извештај сегашната организациона поставеност се оценува крајно неповолна. Токму заради тоа мислам дека и реформите претрпеа еден вакуум од две години, цената на тој вакуум е позната и добро е тоа што се определивме да преку овие активности po смисла на предлагање на закони кои што ќе интервенираат во административната сфера во Република Македонија се даде сигнал на Меѓународната заедница дека еве, од денеска Македонија отпочнува еден процес кој што може да и обезбеди во една следна рунда на преговори и позитивен исход од тие преговори. Но, за жал тоа се прави после две години.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ** (продолжение)

Јас не сакам да се впуштам во текстот на Законот но ценам дека за тоа ќе имам прилика, ако за тоа се определам, во натамошната расправа. Само сакам да напоменам дека и оваа шема на организација на Владата со ваков број и ваков тип на министерства во целина не е во согласност со препораките на ФАРЕ и СИГМА, кои подолго време работат на тој проблем во Република Македонија. Тоа го напомнувам и во исто време искажувам страв дека можно е и овој состав на вака предложена Влада со ваков број и со ваков тип на министерства да биде оценет од тие што оценуваат, а имаат легитимитет да оценуваат, бидејќи со нив сакаме да соработуваме, да биде не реформски закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Димитар Бузлевски.

За збор се јави г. пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ценети новинари, денес на дневен ред како прва точка се наоѓа Законот за јавната администрација или еден од оние реформски закони за кои оваа Влада се определи и токму заради тоа ние и јас лично како пратеник го поздравувам донесувањето на овој закон. Мислам дека правиме крупни чекори во подобрувањето на стратегијата за приближување кон ЕУ, наше интегрирање, но исто така мислам дека ова е само еден почетен стадиум за кастрење на јавната администрација. Не мислам буквално на кастрење по секоја цена, меѓутоа, администрација која ќе биде по мерка на граѓаните на Република Македонија и која ќе биде и ефикасна и многу стручна.

Во тој правец, иако овде на говорницата изнесуваме многу невистини и многу нешта што ни се случувале во минатото сакаме да ги пресадиме вештачки на оваа Влада дека се дојдени во нејзино време, сепак мислам дека ние со овој закон правиме еден обид нешто што е од минатото таложено на некој начин да го ублажиме и да го сведеме на нормални рамки.

Почитуваните колеги од опозицијата што овде зборуваа, особено поранешниот министер за правда, поранешниот заменик

премиер или Вице премиер на Владата на Бранко Црвенковски сакам да ги убедам дека во таа администрација во поранешна Социјалистичка Република Македонија, во најголемиот дел влегуваа проверени личности по партиска и идеолошка линија. Таму не можеа да се најдат смртници од другите класи и другите слоеви на општеството, иако тие цело време пропагираа дека во Македонија има еднаквост, рамноправност, братство и единство. Значи тие луѓе беа избрани да не речам по сина крв, кои можеа да работат во тие институции. Дури, јас сакам, за да бидеме докрај исправни и да бидеме до крај ригорозни да направиме една добра анализа во сите овие министерства во сите тие делови на администрација, да видиме кои личности работат како административци и дали во таквата структура се наоѓаат роднини, пријатели итн., на земјоделци и на друга структура на луѓе на Република Македонија. Буквално се знаеше кој работи во тие административни служби. Таму беа строго избирани личности да не скршнат од патот, од идеолошкото опсервирање што го имаа направено со години и сега истите тие трансформирајќи се од една во друга партија, три пати го сменија името, ни кажуваат дека администрацијата во Република Македонија од оваа Влада била со партиска книшка. Сакам исклучително да напоменам дека апсолутно во јавноста ниту важи, ниту може да важи, ниту со закон ниту со било каков друг усмено исказ или со било каков декрет во државата, бидејќи партиската книшка си е книшка за не било каква определба партиска на одреден човек и ни не можеме, бидејќи се определивме за плурализам, не можеме луѓето во Македонија буквално сите во администрацијата да ги направиме истомисленици, и да не припаѓаат на една, друга, трета, четврта политичка партија а ние знаеме дека политичката власт се освојува токму врз тој плурализам и врз таа партиска припадност или граѓаните за онаа партиска опција за која ќе се определат да гласаат на изборите и да добијат. Тоа е основно правило на однесување, а сега ни сугерираат дека еве партиската книшка била основен критериум за вработување. Господинот Спасов вака би го прашал лично. Дали еден човек во твоето министерство вработи од ВМРО-ДПМНЕ кога бевме парламентарна опозиција? Ако се случи јас ќе се обесам веднаш. Не може да изнесува такви невистини овде на говорницава, бидејќи го земан нивниот нарав, го знам нивниот став и го знам нивното гонење на луѓето што беа од другите политички партии и целиот нивен естаблишмент беше инволвиран во извршната власт, во цела администрација, дури и ден денес функционира беспрекорно и безрезервно. Но тука морам да кажам дека вие не сте за тоа многу виновни, или до крај не сте виновни за таа работа. Ние кога ја освоивме позицијата и оваа Влада, требаше тие 3.000 вработени што вештачки ги вработивте преку ноќ во администрацијата за да ви служат во таа шема за поткажување, и сега да вадите примероци како и што итн., требаше уште тогаш ние да не покажуваме демократски однос или слободарски однос, туку требаше во рамките на дозволеното тие луѓе повторно да се вратат таму од каде дошле. Требаше да се вратат затоа што вие ги носевте со непосредна спогодба на една организација со друга, па ги преправувавте и си правевте "дама" со нив. Си направивте добра шема која и денес ви функционира во Република Македонија. Меѓутоа, ние бевме големи демократи како Влада на чело со премиерот и премиерот покажа големина, рече дека тие луѓе што се вработени од претходната власт остануваат, но денес и со овој закон тоа веќе доаѓа до израз.

(во меѓувреме претседателот на Собранието Саво Климовски излезе од салата а на претседавачкото место седна потпретседателот Илјаз Халими).

Во Република Македонија, јас сум сигурен, ве поддржувам и ве прифаќам дека администрацијата е гломазна, дека таква администрација ни една побогата Шведска или Швајцарија не може да издржи. Меѓутоа, ние се соочуваме и со други проблеми. Не е случајно што луѓето се влезени на работа, но откако ќе влезат веќе законот е за нивна заштита и ние не можеме на било кој начин да го исклучиме од работа или да го избркаме од работа. Значи, законот застанува во одбрана на вработените. Токму заради тоа, како што вели г. Биљали, треба механизми да се наоѓаат како и на кој начин таа администрација да ја намалуваме, се со цел да биде поефикасна, стручна, одговорна и граѓаните на Република Македонија кога ќе дојдат на шалтер или кога ќе побараат било каква помош услуга итн., вистинска услуга на граѓаните затоа што тие се слуги на народот, а не обратно, народот слуга на

државната администрација на Република Македонија. За жал, и јас како пратеник, а и вие и многу други денес кога ќе појдеме во некои делови на таквата администрација ви вртат грб, дури не ве оставаат на мира дека сте позиција или опозиција, без разлика.

Меѓутоа, јас сум за тоа оваа ефикасна управа постојано да се кастри, да се калеми на некој начин, и со законски акти, меѓутоа и ресорните министерства и другите управи каде што се, да се создадат критериуми врз кои луѓето ќе работат. Дури, јас можам да речам, почитуваниот претседател тука е добар сведок, има ли некој од пратениците лице овде што зборуваат на говорницата дека администрацијата не е ефикасна, дека не одговара на потребите на граѓаните. Нив граѓаните ги гласале овде. Скоро една и пол година сум во овие клупи, овде постојано ги гледам не се присутни, доаѓаат еден час, се потпишуваат и земаат дневница. Што сила имаат таквите луѓе овде што зборуваат. Прво, тие треба да тргнат од себе, од својот морал, од својот лик, после да зборуваат за се друго. Иако постојано овде зборувам, имам право да зборувам затоа што од првиот ден ни еден час не сум отсутен од ова Собрание. Каков сум, таков сум, колку придонесувам народот ќе процени, меѓутоа, јас сум тука присутен, јас сакам да работам, се вклучувам во сите активности, давам придонес толку колку што знам и умеам, меѓутоа, некои воопшто не се присутни овде во салата. И тие луѓе зборуваат за државната администрација? Така ли ќе даваме пример за раководење во ваа држава. Ние треба со личниот однос и со личниот став да ја градиме државата, а другите треба да се огледаат на нас. Јас како раководител во одредено министерство ако сум секој ден отсутен, немам евиденција кој влегол, кој излегол, до каде се работите и дали ги следам работите за одредена цел, тогаш што ќе остане за последниот, некој службеник таму што е по хиерархија на најдолната лествица. И тој ќе си брка самоволие, тоа е сосема нормално и така страда државата. Многу државни империи пропаднаа заради ваквата бирократија, поткупливост, подмитливото, итн.

Значи, во секој случај, имаме наследено едно тешко време со администрацијата во Република Македонија, и јас не се согласувам со одредени личности што зборуваа овде дека таа администрација ние енормно ја зголемивме. Наследивме еден баланс, тој баланс ние ќе го решаваме и за поздравување е фактот што ние влеговме во овие реформи и ќе излеземе од овие реформи, но битката нема да биде завршена. Немојте да мислите дека со еден закон и ќе го решиме проблемот со администрацијата, со професионалност, со работливоста на луѓето што се во администрацијата. Не, тоа треба постојано да се надградува, дали со подзаконски акти, дали со одлуки, дали со притисок на тие работења од страна на хиерархијата во одреденото министерство или управа итн., се со цел да се добие една ефикасна модерна администрација која ни прилега на нас како Република Македонија на економските состојби што ги имаме.

Исто така, сакам да укажам на една работа која при разгледувањето на овој закон, и ние како Комисија за внатрешна политика и одбрана разговараме многу отворено и јасно и според моето мислење овие 16 министерства кои се овде наброени чинам дека можат да бидат вклопени во бројката од 13, според логиката на работите, според проблематиката што ја обработуваат и називот толку не мора да биде биден, дали тоа ќе биде министерство за европски интеграции и министерство за иселеништво. Називот апсолутно мене ништо не ми значи. За мене и битна содржината што тоа министерство што тоа министерство ќе ја работи, затоа што обликот може да биде различен, но содржината секогаш мора да остане иста и тука треба да го ставиме главниот акцент.

Посебно го поздравувам предлогот на Јордан Бошков, во тој правец беше и предлогот на Ѓорѓи Спасов, и не можам да се потсетам уште на кој. Значи не мора да бидат 16 министерства. Мојата логика, моето размислување е на 13 министерства, во кои може да се вклопи целокупната материја од извршната власт. Посебно сакам да укажам дека она што го зборуваше Јордан Бошков околу иселеништвото е еден добар сегмент кој многу треба да ја заинтересира Република Македонија. Ние имаме една специфична положба како Македонија. Имаме огромен број на иселеништво, зборувам без разлика на верска, етничка и било каква припадност. Тие се граѓани на оваа држава Република Македонија. Тие можат да бидат голем потенцијал или големи креатори или поттикнувани или луѓе кои

ќе ја пласираат идејата за Република Македонија, за стопанството во Република Македонија, за вложувањето во Република Македонија и се друго останато што се наоѓа од областа на културата и образованието. Тие луѓе треба да ни бидат многу важни и многу битни, но тука е нашата умешност дали ние како министерства ќе успееме со нашата дипломатија, со нашите служби, со нашите закони што ќе ги носиме овде постојано во ова Собрание, ќе можеме да ги мотивираме и да ги вратиме на вистинските колосеци, за кои тие луѓе имаат голем интерес, но за жал, познавајќи една друга законска регулатива на Запад, каде што западњаците се многу практични, многу профитабилни, таму нема насмевка почитувани пратеници од љубов. Таму има насмевка заради интерес, заради профит. Затоа ние треба максимално психолошки да се промениме. Но мораме и умот и разумот да го промениме во тој правец, затоа што и ние да се интегрираме во Европа. Ако останеме со една социјалистичка свест дека секој друг треба да работи, јас бележам нема напредок. Профитот, пазарната економија, бараат еден друг однос менување на човекот на суштеството човечко. Ние тоа се уште не можеме да го разбереме, повеќе број на луѓе. Јас сум бил на западот и знам како тоа функционира и како тоа изгледа. Меѓутоа, за многу други луѓе денес тоа во Македонија е баук. Сфатиме вистински баук, затоа што секој човек бара да биде административец за да лежи да не работи ништо. Меѓутоа ние таа администрација до колку ја наградиме правилно, вистински така како што треба како што е наградена во другите земји таа нема да биде ниту корумпирана, таа ќе биде и доволно професионална, таа ќе биде и доволно работлива, за да може да одговори на потребите на државата. Инаку во никој случај да не се залажуваме дека таа администрација сама по себе ќе ги направи нештата. Морам во тој систем, во тој процес да се вклучат сите, сите сегменти за да може ефикасно да се работи и да се делува.

На крајот јас и до претставникот на Владата, заради подобра прегледност во овој закон, заради во сите членови на сите министерства дадени се образложенијата и нивните дејности. Но, во една целосна реченица дадов еден пример дека тоа треба да биде на некој начин со алинеи, заради подобро согледување, заради подобро цитирање, заради подобро снаоѓање на адвокати, правници,нотари итн., мислам дека таквата примидба ќе биде прифатена од страна на министерството, и што се однесува до другите работи во овој миг не сакам повеќе да зборувам .

На крајот сакам да кажам дека ќе го поддржам овој закон, бидејќи е еден од реформските закони што оваа Влада ги предлага и мислам дека Владата до крај треба да издржа на овој реформски курс.

И тука нема никакво плашење дали Европската заедница не поткрепува или не, бидејќи тие добро знаат како администрацијата се спроведува и во другите земји, и врз тој принцип и врз тие обрасци може да функционира и во Република Македонија.

Ете за сега само толку, ви благодарам многу.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи. Процедурално, повелите г. Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, и во образложението на двата закони Законот на органите за управа и Законот за државите службеници, а и во расправата од страна на сите учесници практично независно од тоа дали и припаѓаат на позицијата или опозицијата, беше укажано повеќе на значењето на реформите на јавната администрација. Не станува збор за реформи во јавната администрација кои што ќе доведат до формирање на соодветна, ефикасна мала јавна администрација, која што ќе биде сервис на граѓаните во Република Македонија, туку станува збор и за тоа дека тие реформи директно влијаат на севкупните реформи во Република Македонија и во сферата на економијата и политичкиот систем, а како што беше укажано влијаат исклучително и на процесите на интеграција на Република Македонија во евро-атланските структури.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (продолжение)

При расправата по едни вака значајни закони си дозволивме да почнеме расправа во која отсуствува министерот за правда, кој е носител на овие два исклучително значајни проекти, а сега како што гледате веќе подолго време работиме без кворум. Затоа да ве замолам или да ги повикате пратениците да дојдат во салата и да обезбедиме кворум да ја продолжиме расправата или да дадете пауза затоа што

дел од пратениците се на ручек, па да се заврши со ручекот и во состав кој доликува на одговорноста да расправаме за вака значајни законски проекти. Вака, нашиот однос кон самите два закони е несоодветен и неодговорен.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Благој Ханџиски.

Ги молам службите да проверат дали имаме кворум да продолжиме со работа.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Имаме кворум, можеме да продолжиме со работа.

Има збор г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитуван претставник на Владата.

Од досегашните дискусии и од партиските програми, од сите декларации сите се залагаме за мала, ефикасна, деполитизирана, некорумпирана, европски, просветски, јавна администрација како услов во влез во Европските интеграции и сл.

Овој парламент и оваа Влада ја имаат таа улога и таа можност да изградиме таква администрација, да изградиме такви органи на управа кои ќе не внесат во европските интеграции. Во тој дел сметам дека укажувањата од типот кој вработувал, како вработувал, не придонесуваат нивните шеми, на Владините организации, преовладуваат основните мерила кои беа укажувани од страна на пратеникот Бошков. Тие се засноваат на едно историско искуство, на правните традиции на државата во која соработуваат како на економскиот така и на општествениот развој кои се вградени и се отсликуваат во основните демократски достигнувања.

Во Република Македонија врз основ ана основните критериуми ние треба да моделираме таква државна управа, државни службеници и Влада[1] на Република Македонија. Бидејќи беше истакнуван еден друг елемент основните цели со овие реформски закони е да се воспостави една едноставна структура на органи на државната управа кои се во рамките на парламентарната демократија или да се напушти таканаречениот принцип освен неколку класични органи на државната управа и да се оди на по флексибилен дел на органи на управата кои би биле пред се во развој на стопанството, се мисли на економскиот развој на Република Македонија особено во овој период кога Република Македонија ги завршува транзиционите односи.

Сега се поставува односното прашање дали овие предложени закони или овој закон за организација и работа на органите на управата ги исполнуваат основните елементи во структурирање на сите млади и во Европа и во Светот. Мое мислење е дека овој закон во основа не ги задоволува тие основни елементи, може би во делот на уставните решенија кои беа истакнати, нашиот Устав има рестриктивен дел. Нашиот Устав регулира односи. Овој закон за разлика и во другите држави каде основните начела се утврдуваат со двотретинско мнозинство за нас е хендикеп што организацијата и бројот на органите треба да го носиме со двотретинско мнозинство. Тоа е хендикеп, се согласувам со одредени дискутанти, но тоа е уставно решение, тоа е решено во членот 95 и ние мора да го почитуваме тој дел. Инаку, на секоја политичка Влада треба да и се даде можност врз основа на своите согледувања, она што зборував врз основа на основните критериуми треба да ги моделираат органите на управата почеток и во однос на степенот и програмските определби Но, бидејќи имаме такви решенија во Уставот на Република Македонија ние уште повеќе треба да бидеме ангажирани, бидејќи двотретинското мнозинство тешко се обезбедува мораме во овој период на изградба особено фамозниот член 13, бројот на органите, да внимаваме на структурирањето и во овој дел на измена сигурно треба најмаксимално да го определиме и бројот и суштината и значењето.

Се презентира одредени сознанија дека за овој закон е важен само членот 13. Само членот 13 го определува бројот на министерствата и сега предлагачот се задржува на 16 министерства. Јас истакнав претходно дека овој закон излезе од Владата пред два месеци и опасно е за Република Македонија и за овој парламент ако бројот на министерствата кој беше димензиониран, со претходните измени на пет министерства повеќе го сведуваме на 16 само врз основа на персонални договори, врз основа на меѓу коалициони договори, на партиски договори, тогаш ќе направиме најголемо злосторство и најголем дел во организација на државната управа во делот на организирање на органите, на намалување тргнувајќи од персоналниот.

Таквата слика произлегува од тоа што овој закон беше во парламентот, беше повлечен од парламентот и беше доставен пред два дена.

Уште еднаш повторувам, дека основните начела овој закон ако влезеше во една нормална процедура немаше да предизвика вакви сомненија. Тоа е основниот недостаток на бројот на органите иако сметам дека бројот беше истакнато од претставници на нашата партија, би можел да се намалува во склоп на одредени решенија. Тоа е тој дел.

Другиот дел врз основа на ваквото решение, врз основа на ваквите договори од страна на коалиционите партнери во креирање на министерствата се гледаат и утврдените надлежности во самите министерства. Кој го погледнал законот, кој го прочитал законот и утврдените надлежности во самите министерства. Утврдувањето на надлежностите во членовите 14, 15, во секое министерство претставува еден механички збир на досегашните министерства, споените министерства или директно препишуваше на надлежностите од претходниот изменет закон за органите на управата.

Ние овој парламент и претходниот парламент заговаравме на друга организација, едно растеретување на одредени органи. На пример Министерството за внатрешни работи, се уште во него во надлежноста се зборува дека Министерството за внатрешни работи ќе се занимава со издавање, лични карти, со издавање и водење на матична евиденција, пашапорти. Овдека ги изградивме тие ставови во стратегијата за реформи е изградено. Тој дел управните работи од стручни работи во Министерството треба да се одделат. Во недостаток на време и од недостаток на можност на структура и на овие органи сите надлежности се директно механички пренесени. Или во споените органи. Затоа во другата фаза претставниците сигурно би требало да ги затоа што најосновно и најбитно е надлежноста спрема овие закони кои ние ги донесуваме.

Исто така, сметам дека овие предложени решенија не одговараат и во основа не ги почитуваат укажувањата беше кажано и врз основа на одредени консултанти за реформа во државната администрација и во стратегијата за државната администрација. Особено, се напуштат делот на сугестиите од една студија која е доставена до Владата од ФАРЕ тоа е моделирање на структурата на Владата во Република Македонија според Европското искуство и стандарди. Таму покрај класичните органи се воведува и една друга организација во општествените дејности во стопанскиот, во економијата и тој дел, врз основа на согледувањето на тие укажувања ако се растеретиме од персоналниот меѓу коалиционите договори да се грижиме за луѓето, сигурно во рамките на членот 13 можеме да формираме и помал број и по организационо опремени односно по организационо оформени министерства. Тоа е оној дел што би требало и укажувам во овие забелешка во втората фаза на изготвување да се почитуваат одредени определби од страна на Европските стручњаци.

Иако важноста е истакнат во овој закон само не е бројот на министерствата бидејќи овој закон регулира и многу други дејности кои се поставени во посебни глави. Тоа е пред се надзор и органи за надзор во органите на државната управа, раководење со министерствата и органите на државната управа кои акти можат да ги донесуваат, министерствата и сметам дека во овој дел недостасува еден многу битен дел тоа е работење или разработување на односот на органот на државната управа со Собранието на Република Македонија. Иако, во делот за Владата во законот кој дополнително ќе го гледаме, се регулирани во два члена односите на Владата со Собранието али сметам предлагачот треба да обрати посебно внимание во разработување во односот на органите на државната управа со Собранието на Република Македонија.

Исто така, одредени забелешки до предлагачот е во делот на раководењето во органите на државната управа, а особено во делот, со овој закон е воведен и заменик министер, а согласно Законот за државни службеници е воведена и една нова категорија што се практикува во Европските земји, тоа е државен секретар. Гледајќи ги двата закони, во овој закон вика само Собранието на Република Македонија избира заменици министри, а во законот и понатака заменикот министер го заменува министерот. Со Законот за државни службеници новата категорија државен секретар исто така, како раководен работник, вика дека и државниот секретар во одредени случаи го заменува министерот. Меѓу овие два закони, предлагачот треба да воспостави чист однос. И да ја расчисти дилемата. Во Европа постојат државни секретари, како старешини на органите, али и како политички функционери кои би биле втори луѓе. Фактички со ова ние вршиме

дуплирање. Имаме и заменици министри, понатаму за замениците министри не е регулиран статусот, освен ги избира Собранието, имаат имунитет, немаат имунитет, кое е нивното својство, а и се преплетуваат со државниот секретар, тоа мораме да го расчистиме во Република Македонија врз основа тоа, тоа е мое мислење, да воведеме функцијата државен секретар како во раководен работник кој го избира Владата на Република Македонија на предлог на министерот. Го именува Владата на предлог на министерот, а кога ќе зборуваме за тој закон по претходно мислење на Агенцијата, што мислам дека не е добро. со воведување на таа категорија ќе воведеме и функционалност и вертикално и хоризонтално министерот да избира државен секретар кој ќе му е десна рака и целата одговорност да ја има во раководењето на министерството. Тој дел предлагачот треба да го разработи и да предложи еден таков дел.

исто така, одредени размислувања и укажувања во целиот пакет на закони особено во овој закон и во преодните одредби барем јас не може да ја видам основната определба. Ние зборувавме за законот за предвремено пензионирање, тогаш укажувавме на овие системски закони дека ќе дојдат во парламентот, тогаш ќе ја видиме целата концепција на рационализација. Никаде не можеме да ја видиме рационализацијата. Бројот на министерствата се спојуваат, механички се припојуваат во законот за државни службеници се преминува, мораме да создадеме основа за остварување на другиот дел на рационализацијата. Ако во овие закони не создадеме можност за приватизација, можност за поврзување на доходовни основи на стопанството на одредени органи, тогаш единствен услов за државните службеници со новите закони, со новите систематизации тогаш ќе се технолошки вишок, што е најлошиот дел иако морам да укажам има дел кај државните службеници за делот на помошните работници кои не спаѓаат во државни службеници единствена можност за остварување на приватизација и остварување на доход од државните органи. Тоа е оној дел што предлагачот мора во една целина на сите закони да ја гледа рационализацијата, да го гледа намалувањето на бројот на оние 60 или 90 илјади врз основа на ваквите решенија понатаму ќе дојдеме до голем проблем во решенијата и ќе ни остане само дали пензионирање со 30 години односно со 25 години да ги оптоваруваме граѓаните со даноците и буџетот на Република Македонија. Мислам дека треба да има посебен дел.

на крајот сметам дека покрај укажувањата и на опозицијата и на позицијата спрема бројот, спрема структурирањето на овие министерства треба да изградиме ефикасни органи на управа, бидејќи гледате како реагира јавноста на Република Македонија со последните испитувања на ГАЛУП. 80% од граѓаните испитани во Република Македонија ги поддржуваат реформите во јавната администрација. тоа е добро, но, ако е основниот акцент, бидејќи имаме 21 министерство, со оваа Влада беше доста разговара но и покрај укажувањата од 15 ги зголеми на 21, направи кабинет со 27-28 министри, граѓаните сигурно ќе го поддржат. Давање на лек апче по апче, сигурно 16 министерства, ако го усвоиме овој закон, ако не ги направиме најрационални 12 или 13, ако ги намалиме после пет месеци сигурно јавноста и граѓаните ќе го прифатат и тоа. Не е добро така да ги храниме, треба најотворено да ги изградиме органите врз основа на укажувањето, и мислам тоа е единствениот дел врз основа на овие укажувања, врз основа на укажување на експертите овој парламент и оваа Влада можат да изградат органи да се растерети оној дел кој се вика партиски, кој се вика меѓу коалиционен, кој се вика одредени министри, ќе се најде работа за сите министри, па еве сега има и амбасадорски места, но да го сведеме најрационално бројот на министерствата и овие начела во однос на организацијата. Во тој случај врз основа на овие укажувања сигурно во втората фаза ќе го поддржиме и законот за кој е потребно двотретинско мнозинство.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Александар Гештаковски.

За збор се јави г-дин пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, со добивањето на овие проекти фактички е навестена решеноста на Владата да се зафати со вистинска реформа во сферата на државната управа.

Мислам дека е тоа еден значаен сигнал за нашата држава, за реформите во нашата држава, бидејќи реформите во управата и тоа со каков квалитет ќе бидат

многу ќе влијае на вкупно реформски процес во државата.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

И на олеснувањето на тој процес и на отворањето на можностите за развој во сите сектори на стопанството и општествениот живот.

Без оглед на контроверзиите и можните приговори со тоа што се правело во почетокот на оваа Влада, какви закони се донесоа, што се направи со бројот на министерства итн. да не се преценуваат тие работи , се прават грешки, и затоа мислев дека ќе беше потребно сега ако Владата се одлучила на ваков зафат овде да имавме ние и едно уводен излагање од премиерот во кое ние навистина ќе имавме оценка на Владата за состојбите во кои сега се наоѓаме, тешкотиите на кои наидуваме, визијата која е изградена, студиите на кои се градат овие проекти, целите и непосредните ефекти кои ќе бидат постигнати да бидат прикажани овде. Тоа ќе беше една убава прилика на Владата да ја афирмира својата Реформска ориентација. Се надевам после расправите сега што ги имаме во оваа прва фаза попуштената можност Владата ќе ја искористи кога ќе дојдат предлозите на овие закони по кои навистина ќе треба и да гласаме во втората фаза. На тој начин мислам со едно пошироко излагање, со зафаќање на сите околности во кои се настапува сега со овој пакет на закони ќе се поттикне ширењето и продлабочувањето на општата Реформска атмосфера во земјата и тоа е неопходно. А од друга страна и ќе бидат сите политички сили соочени со потребата да успее таа реформа и верувам дека ќе се намали можноста да се занимаваме со споредни прашања кои само не водат во меѓусебни конфликти кои многу траат, често пати не се баш добро фундирани и не се засновани добро а ќе се занимаваме со вистински задачи и ќе се натпреваруваме во тоа што можеме навистина да помогнеме како оваа земја посериозно да ги решава своите вистински прашања.

Овие три закони, јас зборувам за три закони иако вие отворивте расправа само за првиот, сите се поврзани и тешко може да се изведе расправа само за едниот. И затоа јас се извинувам. Меѓутоа мислам дека вие сите ќе ме сватите зошто ќе зборувам за трите закони.

На крајот на краиштата ова е прва фаза и така и може и треба така да се зборува. Мислам дека е потребно ние овде да постигнеме нешто како општо расположение. Како и општ консензус пошироката рамка, како ние ја замислуваме таа наша државна управа. Јас тука би рекол неколку работи само.

Сакам само да потсетам оти иницијативи за реформи во управата ги покренавме во 1993 година а 1995 година на еден од конгресите на Либералната партија дури и донесовме и посебни декларации и насоки како да се извршат тие. Меѓутоа, сега еве доцниме сите. Можеме да префалиме нешто и на оваа Влада, нешто и на претходните влади зошто вака споро одиме во оваа сфера, меѓутоа сега е многу важно да не погрешиме, и да не дадеме некои погрешни насоки. Јас мислам дека треба да имаме една реална оценка какви органи на управата нас ни се потребни. Според нашите преоценки мислиме дека бројот на министерствата не треба да биде повеќе од 12.

Заради општи состојби во земјата, заради моментот во кој сега ние се развиваме, заради потребите на една нужна концентрација на надлежностите, заради тоа што сега граѓанинот ако сака некој свои права да оствари, навистина овде од Понтие до Пилат ќе треба 100-ци потврди да најубава, од едно, од друго министерство, по овој редослед, по оној редослед итн. и затоа мислам дека од економијата треба да ги собереме во Министерство за економија. Надвор од тоа да биде само Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои се посебна проблематика. Се друго да биде едно министерство, Министерство за економија.

Сите други сектори, каде што нема убедливо доволен обем на управни работи, туку надлежностите се повеќе фондовски, така да кажам, како што е Министерството за култура, и некои други министерства, на друг начин да си се организираат, да не бидат министерства. Министерствата воведуваат само чиновнички елемент во тие сектори на општественото живеење и трошат дел од парите што тие сектори би требало во животот да си ги трошат. Затоа мислам дека би требало да бидат најмногу 12 министерства.

Потоа, сите други органи, кои се органи на државна управа, кои се добро предвидени да си се профилираат према функцијата и задачите, да им се олесни на граѓаните да можат да си ги остварат своите права, да нема шетање и лутање, да можеме да го воведеме, како што се вели, тој едношалтерски принцип на остварување на граѓанските права. На тој начин статусот на граѓаните да го унапредиме.

Што се однесува до Министерство за европски интеграции јас сакам да ви укажам дека повеќе земји кога биле во фаза на приближување кон Европската интеграција немале министерства за интеграции и министерства за Европа, туку министри за европски интеграции, бидејќи тие министри треба да ги спојуваат поедините сектори во неколку министерства за да можат да ги остваруваат своите контакти со ЕУ, која исто така е структурирана со свои ресори. Инаку, ако направиме едно министерство за Европска интеграција ќе погрешиме, затоа што тоа не ќе биде во состојба да ги извршува сите потребни подготовки за остварување на контакти и хранење, така да речам , на таа база на Европа и обратно само од едно министерство. На пример, Министерството за земјоделство мора да има посебна линија таму, меѓутоа, министерот за Европска интеграција тоа треба да го координира, министерот за финансии исто така, за економија посебно, а исто така и МВР итн.

Затоа не е потребно такво министерство, туку е потребен министер така и правеа најголем дел од Европските земји.

Мислам дека во основа е добро дадена функцијата на министер, што министерот има право и што е должен да работи, што старешините, директорите на посебните органи треба да работат.

Она што не е добро дадено овде и што не се гледа доволно јасно и што за Европа ќе стане тајна што ние имаме цел во тој сектор се инспекциските служби.

Тука сосема малку и бегло се минува во функцијата на инспекциите надзор каква е и дека може да се формираат инспекторати, меѓутоа во Европа и инспекторите се самостојни функционери. Инспекторите се самостојни функционери и на нив не може , не смее тековната политичка власт да влијае. Тие непосредно се грижат за остварување на законите без оглед субјектот што треба да ги остварува законите од која партија е, дали е на власт дали не е на власт итн. Дури оние кои се на власт убаво се преплашени од тоа инспекторот да не ги најде во кршење на закони, а не инспекторот постојано да му е страв од потпретседателот на Владата, или од министерот итн. Затоа тој дел на инспекциски надзор треба добро да го разработиме и функцијата на инспектор и неговата самостојност на инспекциска служба и надзор на инспекторот, барем толку добро колку што сака Агендата за 2000, што ги поставува условите на земјите кои што сакаат да се приближат кон Европа. Тоа е едно принципиелно место кое не е доволно обработено и треба да се дообработи.

Има уште еден проблем кој овде останува по стариот терк, а во Европа не е така. Тоа е спорот меѓу граѓанинот и државната управа.

Кај нас бара нешто граѓанинот, државната управа не му одговара и таа едноставно може да не му одговара и точка. Порано имавме молчење на администрација, па ако не му одговори во толку време се смета дека е тој во право и може да си остварува, а сега тоа го нема.

Друго, може да се случи право кое го има граѓанинот, да го бара од државниот орган, а државниот орган не му го одобрува. Му дава решение во кое се одбива неговото барање. Тој сега може да оди во управен спор, управна постапка на повисок орган и на таа второстепена комисија, второстепена постапка, меѓутоа тој пак оди кај државната управа. Неговата судбина како граѓанин кој ги има законските права зависи од државната управа. Таму се министри, или министри без ресори и тие одлучуваат пак. Најчесто, морам да ви кажам тоа е една доста мистериозна постапка на доаѓање до правда од страна на граѓаните и тука се создаваат услови и за корупција, мито итн. Граѓаните се изложени на големи шиканирања. Судот тука може да интервенира само на тој начин што после второстепената постапка граѓанинот има право да се жали на Врховниот суд, а од таму може се да се поништи и пак да почне од почетокот. Нема судска одлука која важи и која му го дава правото.

Во Европа поинаку се работите. Ако граѓанинот има законско право и е убеден дека има законско право на нешто и си го бара од органот на управата, ако органот на управата му даде негативно решение тој оди, на т.н. административен суд, или управен суд кој е надвор од старешинствата на министерствата, министри, Влада итн. Тоа е дел од судското. Судството е независно, и тоа е независно и граѓанинот тогаш е сигурен дека до правдата ќе дојде.

Во овие проекти не гледам ни размислување во таа насока. Се задржува второстепената постапка во управата, што е една огромна слабост. Потоа, тој систем кој постои сега во Европа и кој ни сугерираат постојано да го воведеме , од државната управа и службениците во државната управа бараат и ги присилуваат да бидат објективни и лојални на законот, чесни према граѓанинот, заради тоа што ако

административниот суд на некој од чиновниците постојано му ги поништува решенијата во корист на граѓанинот и тој не ги почитувал граѓанските права, тоа се права на граѓаните со закон утврдени, тогаш тој ниту може да унапредува, ниту може да покрене постапка за негово отпуштање. Така да чесноста , лојалноста , одговорноста на чиновникот, неговата способност е непосредна во друг контекст ставена. Сега кај нас некој ќе го покрие шефот, неговиот шеф, ако чиновникот греши, можеби некогаш и шефот ќе му речи да згреши, ќе го покрие и тие ќе одат во второстепена постапка , па шефот си го знае својот начин, си го знае министерот и се завршува тука и граѓаните едноставно ако не дадат мито не можат да дојдат до решение.

На овој начин што ние го сугерираме, да се воведат тие административни одделенија во судот, во судството, а да се напушти управната постапка во сферата на управата, да се пренесат граѓанските права, судската заштита на граѓаните да се пренесе во судството, на тој начин мислиме дека поттикнуваме сосема модерна, современа управа, многу одговорна управа и многу висок степен на гаранција на човековите права во основ на законите кои ги имаат.

Овие неколку сугестии сакаме да ги дадеме бидејќи се од начелна природа во натамошната работа да се разработат. Значи, не повеќе од 12 министерства, и тоа не министерство за Европа, туку министер за Европа. Овие министерства да бидат таму каде што преовладува управна работа. Таму каде што нема управна работа, туку повеќе фондовска проблематика да нема министерства, да си се тргнат министерствата од таму, да си бидат тоа дирекции, агенции, кои инаку ќе ги решаваат работите.

Тоа е едниот комплекс.

Вториот комплекс е независноста на инспекциските служби да се обезбеди за да може, не вие овде да формираме анкетни комисии, па анкетните комисии да се надгласуваат дали овој гласал еднаш, два пати или седум пати, па да оценуваме како ќе биде, туку со закон гарантирана независност на инспекторските служби и негова независност и негова моќ во однос на Владата на власта, на министерот, на сета друга извршна власт , а и на секој граѓанин.

Третата сугестија е воведувањето на изведувањето на овие управни спорови и тешкотии на граѓаните низ управна постапка да се постигнуваат со воведување на судски одделенија.

На тој начин ние мислиме дека ќе добиеме една ефикасна, способна, чесна, лојална на државата и законот управа и граѓаните нема да ги имаат овие тешкотии и поплаки кои сега ги имаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Стојан Андов.

За збор се јави г-динот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници почитувани претставници на Владата,

Несомнено се работи за системски закон и ние го поздравуваме напорот и интенцијата да се реформира оваа сфера со овие три закони. Во дискусијата јас би се произнел околу првиот закон,за државната управа, каде што лично го поддржувам предлогот за донесување на овој закон со одредени коментари кои во извесна смисла беа изнесени и во претходните дискусии. Со оглед на тоа ќе бидам пократок од моите претходни колеги што се јавија за дискусија.

Имено, суштината на некој начин е оптимизација или минимизација и на бројот на министерствата и вкупно на бројот на лица во јавната и државна управа со тоа што несомнено еден од најбитните елементи е точно и прецизно дефинирање на надлежностите за да не се доаѓа до ситуација да се мешаат надлежностите и да имаме преклопувања и неточно дефинирани надлежности и состојби кои што во претходниот период, наназад 10 години, се случуваа во земјата. Тоа е од една страна.

Од друга страна неколку дискутанти, или речиси скоро сите го загатнаа проблемот околу бројот на министерствата. Според она што ни е дадено во предлогот, а и она што го имаме слушано досега знаеме дека препораките се тие да бидат во рамките на бројките од 11 до 13 ние во овој предлог имаме 16 министерства за кои лично сметам дека треба да бидат намалени две или три, според она што се функциите на истите и од таа гледна точка и описот на функциите нормално ќе претрпи некои измени.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ**:

(Продолжение)

Сакам да укажам на овој Парламент сметам дека е добро што законот се носи во две фази, бидејќи овој текст што го добивме има многу непрецизност и потребна е една добра селекција на пристапот, а и

пречистување на текстот како по содржина така и по форма. Несомнено дека оваа реформа се совпаѓа и со заложбите што ги имаме заради компатибилноста со земјите на ЕУ, несомнено дека интенцијата е да се направи сега и за секогаш еден функционален систем кој што независно и од моменталната состојба која е на власта би требало функциите да бидат тие кои што ќе го детерминираат и определат проектот кој што ни е изложен и без персонални, без никакви партикуларни интереси, туку да ги гледаме општите интереси да се спроведе оваа реформа на јавната администрација во согласност со сите оние препораки и сугестии и анализи кои што ни се доставени од меѓународните организации, техничката помош од ФАРЕ програмата СИГМА, Светската банка итн. кои секако ќе ја оценуваат и преоценуваат и филтрираат овие наши решенија што треба да ги донесеме имајќи ги овие текстови пред нас.

Јас сега посебно не би се осврнувал на текстот, меѓутоа очигледно имаше неколку верзии, бидејќи 16 министерства од членот 13 не соодветствуваат со описот на функциите на истите тие министерства во наредните членови од 15, 16, 17, 19 итн. кои што ги опишуваат функциите и надлежностите на овие министерства, како прва забелешка која што треба под итно да се исчисти, а доколку остане за наредната седница на 28 и овој предлог законот со текстот.

И второ сметам дека треба да се направат додатни напори во смисла на некои испуштени работи кои што очигледно не пројдоа сите филтри, или се едноставно заборавени, примерно ја нема царината ги нема некои агенции, едноставно од друга страна конкретно може да се зборува и за распоредот на тие агенции и дирекции итн. Кај мене се јавува дилема за дирекцијата за стокови резерви да биде на пример во Министерството, да направиме еден масатон од тоа министерство кое што по природа на работите Дирекцијата за стокови резерви нема земен ниту некој закон не стои во она што значи Министерство за стопанство, економија итн. Јас исто така не би го делел мислењето дека не е битен насловот, туку содржината, односно функциите. Токму и во почетокот на мојата дискусија се залагам да биде и насловот точен според она што е опишано во функциите на соодветно министерство. И со оглед на тоа да имаме еден конзистентен и концизен предлог на закон кој што недвосмислено ќе ги дефинира сите овие работи околу надлежностите, правата и обврските на министерствата. Јас во овој момент толку бидејќи целиот пакет содржан од овие три закони ќе си го задржам правото да се произнесам и со некои конкретни забелешки на законот за Владата и на Законот за државните службеници, со подвлекување уште еднаш дека е за поздравување и ќе гласам за Предлогот за донесување на закон за реформа на државната управа.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, бидејќи расправаме за мошне значаен проект како што се системските промени во однос на предлогот за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа. Јас ќе се обидам да бидам краток бидејќи зедов учество во Комисијата за политички систем каде што и која што Комисија е матична комисија и расправавме на широко и долго за овие три законски проекта.

Второ, заради тоа што овие закони се донесуваат во две фази ќе имаме време и можност повторно да земеме активно учество со една единствена цел овие закони да бидат што поквалитетни и ние да го фатиме саканиот чекор кон европскиве интеграциони процеси. И во тие рамки би сакал да кажам збор, два, поддржувајќи го овој предлог за донесување на закон за јавната администрација, а конкретно за организација и работа на органите на државната управа би сакал да подвлечам дел од материјалот каде што ни е дадено со тоа што реформата на јавната администрација е долг и сложен процес. Во целост се согласувам бидејќи секоја администрација, секоја управа е сложен процес и воопшто општествените работи се реверзибилни но и ние како земја спаѓаме во земјите на транзиција и во другите земји развиени јавната администрација претставува рак рана на секое општество. И од тие причини треба посериозно да се нафатиме за овие промени и поддржувајќи ги сакам да подвлечам дека промените кои биле во овој законски проект 1990, 1994 и 1998 година биле со цел да овој закон се прилагоди кон промените на нашето општество и во тие рамки и сегашниве промени ценам дека ќе бидат во тој дух.

Имаме забелешки во однос на самиот текст. Тоа се дадени во извештаите на Комисијата за политички систем. Предлагачот Министерството за правда овој предлог го има подготвено со одредени пропусти, но тоа се и нормални да дојде до израз нашата креативна работа и во двете фази самиот текст на законот да добие во

квалитет, а воедно и нашиот придонес ќе биде во тој дух. Конкретно има доста место за интервенции, но се согласувам со предлогот кој е даден за бројот на министерствата 16. Но, возможно е тој број да биде и помал. За тоа ќе имаме можности да расправаме и аргументирано да излеземе со наши предлози. Но сметам дека опозицијата со критиката кон овој закон т.е. кон овој предлог таа дава свој допринеси нормално му дава и политичка боја и партиска, бидејќи таа е должна така да постапи, бидејќи во сите промени, а и во стварноста што ја затегнавме тоа имавме можности да се увериме, бидејќи и од структурата на јавната администрација како и од законската регулатива тоа е лесно да се види. Затоа ние како коалициони партнери имаме обврска тие грешки да не ги повториме нормално со нивна помош да ги отстраниме, бидејќи за овие законски проекти рековте многумина од вас потребно е двотретинско мнозинство а ние како Собрание тоа од член 95 од Уставот на Република Македонија не обврзува.

Второ, ние како пратеници и Собрание врз основа на Уставот на Република Македонија, член 68 имаме и обврска, бидејќи Собранието на Република Македонија врши политичка контрола и надзор над Владата и на другите носители на јавните функции што се одговорни пред Собранието. Затоа, предлагам нашиот приод да биде сериозен и креативен, поддржувајќи го овој предлог на закон за донесување на Законот за органите на државната управа.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денеска дискутираме за првата фаза од Предлогот на законот за организација и работа на органите на државната управа. И во дискусиите на моите колеги, во некои од дискусиите провејува тезата, или пак се обрнува внимание кон меѓународниот фактор, поточно мислењата на некои меѓународни релевантни политички фактори и економски фактори кои што дале мислење општо за состојбите во државата па и за самата влада. Притоа од моите колеги од опозицијата во духот на некои од гасилата над кои што тие имаат поголемо влијание, се истакнуваат некои моменти кои што всушност во извештаите претставуваат навистина забелешка и критика. Додека останатите елементи во извештаите потполно беа игнорирани, меѓутоа тоа е стилот. Но, дури и така да е значи имаме ситуација едно мислење на Светската банка по однос на бројот на министерствата или на начинот на организирање на државната управа. Дури значи и во таква ситуација денеска пред Парламентот имаме предлог на закон што го понудува оваа Влада, поточно имаме ситуација и дека оваа Влада на некој начин ги прифаќа сугестиите на меѓународниот фактор, на релевантниот меѓународен фактор и заради тоа денеска имаме нов предлог на закон за измена. Чисто како споредба, или пак како прашање дали досега меѓународниот фактор давал сугестии на Република Македонија, значи на претходната влада и на оваа влада дали давал сугестии, дали да речеме на претходната влада меѓународниот фактор, значи Светската банка, ММФ давале сугестии да ги реши проблемите со загубарите, дали барале сугестии да се реши проблемот во јавната администрација. Дали меѓународниот фактор досега давал сугестии да се реши да речеме проблемот на даночниот систем, дали со воведување на ДДВ или поинаку досега? Доколку размислиме за овие прашања одговорот е едноставен. Меѓународниот фактор и порано и на претходната и на оваа Влада давал сугестии за решавање на одредени проблеми кои што ги нарекува реформи. Значи тие проблеми да се решат на ваков, или на онаков начин за да се спроведат реформи. Меѓутоа, прашањето можеме и понатаму да го продолжиме, што од тоа тогаш при таквите сугестии било спроведено, што од таквите сугестии сега се спроведува. Сметам дека има голема разлика. Реформите во минатата влада всушност не беа до никаде. Оваа влада соработува, ги послушува сугестиите на меѓународниот фактот и како резултат на тоа денеска го имаме овој закон. Некои од пратениците истакнаа дека ваквиот закон не е реформски и дека токму поради тоа аранжманите со ММФ и со Светската банка се доведени во прашање. Ако тргнеме да речеме по аналогија како предвидувавте дека до март месец ќе предложиме закон со кој што ќе го одложиме донесувањето на ДДВ а не се случи тоа. Мислам дека исто и ова предвидување нема да ви биде вистинито. Јас сум убеден дека ќе ги склучиме аранжманиве и со ММФ и со Светската банка. И не само тоа токму поради донесувањето на вакви реформски закони ќе го склучиме договорот за стабилизација и асоцијација, и не само тоа до крајот ан годината ќе предложиме и ќе донесеме уште 30-тина други реформски закони. Значи курсот на оваа Влада без разлика дали вие го оценувате тоа дека е реформски или не, на некој начин со изгласувањето на овие закони всушност

јасен е односот кон сугестиите и сигналите што ни ги праќа меѓународната заедница. Притоа многу често понекогаш се употребуваат зборовите меѓународниот рејтинг на оваа влада итн. Меѓународниот рејтинг на оние луѓе од опозицијата кои што зборуваат за меѓународниот рејтинг на Владата знаете каква е разликата? Огромна. Меѓународниот рејтинг на оние луѓе од опозицијата е никаков. Велите дека пред година и половина ние ви велевме дека не е добро решението за проширување на бројот на министерствата. Еве сега дојде до ситуација да го вратиме бројот. Меѓутоа, погледнете ја мотивацијата во тие моменти тогаш кога дискутиравме што беше мотивацијата на опозицијата во тој момент. Мотивацијата беше максимално да се попречи можниот договор помеѓу трите коалициони партнери. Која е мотивацијата сега да се попречат реформите? Јас би сакал и опозицијата да го поддржи овој закон. Меѓутоа не верувам дека тоа ќе се случи. И доколку тоа не се случи, мислам дека ова не е само со овој закон, со низа на неколку закони по ред ако треба нешто да се направи како реформа вие сте против тоа. Вие тотално антиреформски настапувате. Ова е дел од тие реформски закони и заради тоа јас можам да зборувам по однос на однесувањето на релевантни политички фактори во овој Парламент какви видувања имаат. Вашите видувања по однос на овие закони буквално се анти реформски. Меѓутоа, мислам дека ова Собрание ќе смогне сили да се собере двотретинско мнозинство и да биде изгласано. Што се однесува до конструктивните критики има забелешки, конструктивни амандмани и критики. Тоа е прифатливо за мене. Би можело да се интервенира во Законот да се подобри текстот. Значи тоа е дел од онаа парламентарна пракса и тоа е наше право како парламентарци. Меѓутоа, адхок критиката дека овој закон е не реформски всушност не држи бидејќи како што реков подлога наоѓа токму во сугестиите на релевантни меѓународни политички фактори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Данило Глигоровски. Г-динот пратеник Илија Илоски бара реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас немав намера да се јавам за збор по оваа точка од дневниот ред, меѓутоа, испровоциран сум од дискусијата на претходниот дискутант, бидејќи драстично отскокнуваше,и затоа Вие бевте должни да го опомените, од темата која е на дневниот ред и повеќе се занимава со опозицијата отколку со самиот закон. Ќе бидам краток, ако може да ми одговори во контекст на она што го зборуваше, кој е виновен за тоа што овој закон 17 месеци наназад не беше донесен онака како што ние како опозиција тогаш предлагавме. И тогаш викавме дека не е реформски да се прават најмногу министерства во светот, сега за жал ја немам неговата дискусија, меѓутоа мислам , не се сеќавам, беше еден од најголемите поборници за таа гломазна машинерија во Владата што се направи. Сега за 17 месеци веднаш го смени мислењето и вели одиме во реформи. Никој не оспорува дека е реформски, меѓутоа, ако се земе предвид фактот дека сепак и со оваа рестрикција што се прави дека бројот на ресорните министерства за едно е повеќе од претходната Влада што го предаде мандат сепак не може да стане збор дека се оди во драстична рестрикција. Затоа, повеќе би требало да се задржиме на темата,посебно да го подржиме сите овој закон, меѓутоа, не да излегуваме и да ја злоупотребуваме говорницата, за се и сешто да ја критикуваме опозицијата , затоа што токму опозицијата кога се донесуваше првиот закон за Владата беше против гломазните министерства што се направија.

Го прашувам г-динот Данило Глигоровски кој ќе ја плати таа штета што настана досега за овие 17 месеци. Сега под притисок на светските институции, ММФ и Светската банка, сакале или не, тие мора да одат во оваа реформа. Меѓутоа, народот го плати цехот за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Му благодарам на г-динот Илија Илоски.

Реплика имате на излагањето на г-динот Глигоровски?

(Му се обраќа на пратеникот Благој Ханџиски). Ако и вие реплицирате на неговото излагање, да одговори и на двајцата.

Има збор г-динот Данило Глигоровски, реплика.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Имаше забелешка дека тогаш бев најголем поборник за донесување на таквото решение што го предлагаше Владата. Јас бев поборник на она решение што можете овде да го прочитате во ред текстот на законот дека во поголемиот број на европски држави е поставена флексибилност, односно тоа решение е оставено флексибилно која Влада како доаѓа

да предлага и бројот на министерствата да е променлив. Тоа е мојо[1]: став и тогаш и денес.

Второто прашање кој ќе го плати цехот, овде се наметнува едно прашање конкретно на куп, кој ќе ги плати штетите да речеме од воената ситуација во соседството во Косово. Тоа може да биде и дел од комплетното, се обидувате да ги изместите штетите што беа настанати воопшто по оваа држава, Вие се обидувате со одредени ситни работи кои ги истакнувате да ги презентирате како да се глобални штети поради одредено системско решение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Данило Глигоровски.

Дали г-динот Ханџиски сака да се вклучи во расправата.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Да.

Еден дел од тоа што на говорницата го искажа колегата Глигоровски ќе го отпишам на неговата младост и на недоволната информираност , со оглед на тоа што во еден дел од искажувањето со гледа дека не го прочитал ни образложувањето на самиот закон. Ако тоа го прочитал, ќе видеше дека во подготовката на овој закон учествувале повеќе експерти, се работи подолго време и дека реформите на јавната администрација не почнуваат со добивањето на овој предлог и изготвувањето на овие два закони, туку дека подготовките се почнати од многу одамна.

Меѓутоа, она за што земав збор се однесува на следното. Цело време се обидуваме овде да докажеме кој е поголем реформист или кој е за реформите кој е против реформите, барајќи аргументи кои апсолутно не држат. Ќе го илустрирам тоа само со неколку примери. Кога Владата предложи закон за измена и дополнување на Законот за приватизација, со кој преку ноќ се воведе правото да се бира стратешки партнер и да се продава дел од имотот на Република Македонија во четири очи, со оглед на тоа што укажавме на тоа решение кое воопшто не држи, на што реагираше и целата меѓународна заедница, ние бевме прогласени како анти реформисти, за да после еден подолг период на укажувања и на сугестии за кои зборуваше и колегата Глигоровски, од страна на Меѓународната заедница, самата Влада дојде овде пред парламентот со нов предлог за измени и дополнувања на Законот, со кој тоа несреќно решение се надмина. Меѓутоа, кога расправавме за тој закон пред извесно време во парламентот, повторно бевме прогласени дека сме анти реформски определени, затоа што не веруваме дека во домашната јавност, а посебно во меѓународната јавност, мора да поминат некои ситни игри со кои мислиме ние балканците , жедни преку вода, ќе ги преведеме западно европјаните или меѓународните финансиски институции.

Тоа сакам да го илустрирам со еден пример. Се излегува со предлог за измена и дополнување на Закон , во кој се прифаќа решението да нема стратешки партнер, меѓутоа, подолу во еден друг член се внесува формулација со која се вика сите претпријатија кои влегле во постапка на приватизација продолжуваат да се приватизираат по стариот закон, а никаде апсолутно не е дефинирано што е тоа отворена постапка. Дали е отворена постапка тоа што само некаде некој спомнал дека одредена фирма е заинтересирана да купи друга фирма и т.н.

Укажувајќи на тоа и водејќи сериозна расправа овде, благодарение на тоа што министерот за финансии сфати дека навистина тоа не минува пред Меѓународната заедница, пред претставниците на Светската банка и ММФ кои требаше да дојдат во Македонија, тоа решение кое беше предложено во законот од самата Влада не помина, а ние за таквото приговарање исто така бевме прогласени за анти реформисти.

Сега во оваа ситуација што имаме? Не можеме, почитувани колеги да продолжиме со практиката на ситни игри , ќе поминеме со некои решенија, што наводно тие кон кои што тежнееме, со кои преговараме , со кои сакаме да се изедначиме, евентуално нема да ги видат. Точно е дека имаше цело време сигнали дека реформата на јавната администрација,како што реков при првото јавување, не е битна само за тоа да создадеме ефикасна, компетентна, стручна мала администрација, туку е битна и за тоа што многу значајно влијание има врз севкупните реформи во државата и на економскиот и на стопанскиот сите. Што правиме во таква ситуација? Во таква ситуација кога нам ни се даваат сигнали и кога ги почнавме процесите за реформа на администрацијата, ние имавме 15 министерства и навистина разговаравме не само за механичка реформа, рестрикција, рационализација на министерствата. Од тие 15 долго време во проектот што се работеше 1998 год,и на се зборуваше да одиме на 13 министерства, па на предлог на колегата

Јордан Бошков кој исто така го подржа о се придружил , ако не е таа тринаеска некој несреќен број, заради тоа што тогаш се разговараше за 11 министерства, значи, имаше сигнали и зборувавме да ја реформираме управата од 15 на 13 или 11 министерства. Што направивме во меѓувреме. Во меѓувреме отидовме на 27, за да сега како реформа го прогласиме тоа што од 27 министерства ќе одиме на 15, затоа што нашите претставници, па и претставниците на опозицијата овде, се изјаснија дека сметаат дека и бројката 15 можеби е преголема како министерства, па и тие се залагаа за 13 или 11 министерства, сега на тоа повторно се дава етикета дека семе анти реформски расположени. Со таа практика ниту минуваме внатре, ниту ќе минуваме надвор.

Сите сме заинтересирани во оваа држава да се создаде ефикасна управа компатибилна со европската управа, заради тоа што едноставно луѓето кога доаѓаат од надвор и претставуваат министерства и институции немаат соодветен партнер од наша страна затоа што не постојат такви институции.

И второ, има ли некој во оваа држава, а и ние како пратеници, што утре можеме да бидеме обични граѓани како целиот нормален свет, што не е заинтересиран навистина да имаме ефикасна администрација. Администрацијата е огледало на државата и огледало особено на тие кои раководат и управуваат со државата. Секој прв обичен посетител, кој не доаѓа во делегација од надвор, прво со што ќе се сретне во оваа држава, е со претставници на администрацијата на граничниот премин, на Аеродром, железничка станица аи т.н. и едно нељубезно однесување веднаш создава лоша слика и за нас кои учествуваме во законодавна, извршна и во било која друг институција.

Според тоа , огромен е интересот и одговорноста да направиме се да се создаде таква ефикасна администрација која ќе биде стручна и компетентна. Зошто денес сите пратеници, без оглед дали припаѓаат на позиција или опозиција, со оглед на тоа што има најави дека наскоро може да ја очекуваме конечната верзија, колку што слушаме, за неколку дена може да дојде предлогот на разгледување пред парламентот, сакаме да укажеме дека во овој закон за државни службеници не се вградени механизмите, како резултат на кои што во преден план ќе излезе стручноста и компетентноста на администрацијата, туку спротивно, вградени се механизми за кои за таа стручност и компетентност ќе полагаат сметка или ќе полагаат едноставно пред своите претпоставени, кои и по Устав и по закон може да припаѓаат на политички партии, како што се министрите, замениците министри и т.н.

Со оглед ан тоа што е кратко времето, а сакаме конструктивно да придонесеме, не сметајте а заради тоа што по пат на дискусија, по пат на амандмани сакаме навистина да се вградат решенија што ќе доведат до таква администрација, дека тоа треба да се толкува како анти реформско расположение. Навистина нема смисла.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Данило Глигоровски побара збор.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Најнапред претседателе процедурално, репликите да траат до пет минути и би требало да ги ограничувате.

Беше истакнат фактот, односно забелешката дека не сум го прочитал Законот. Сметам дека не е на место, нема ниво.

Беше изнесен фактот дека одамна започнале размислувањата и вклучувањето на експерти. Точно е тоа, но тие работи околу реформите и измената на Законот можеби почнале и Вие кога бевте на власт, ама прашањето е кога се спроведуваат. Тоа е првиот одговора што би сакал да го истакнам.

Второ, еве сега истакна колегата дека врз основа на реакции на Меѓународниот фактор и Светската банка, нивни сугестии и т.н., затоа ние сега менуваме одредени закони. И тоа е точно, ама од тоа можете да го согледате односот на оваа Влада кон сугестиите на Меѓународниот фактор и споредете си го Вашиот однос , Вашиот однос во однос на приватизацијата, Вашиот однос кон јавната администрација, загубарите, девизните штедачи. Значи, Вашиот однос, и тој тогаш имаше сугестии, но што направивте Вие? Каков е односот на таа Влада кон тие сугестии и споредете го со односот на оваа Влада кон сугестиите ако дојдат. Значи тоа е разликата и анти реформски истакнав, доколку постои конструктивен предлог од Ваша страна, дајте конструктивен предлог, конструктивен амандман да се одобри текстот на законот, јас ќе го подржам таквиот текст и таквиот амандман. Меѓутоа, адхок да се настапува кон било што ќе се

предложи од Владата дека е лошо, таквото однесување го сметам за анти реформско.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Данило Глигоровски.

Има збор г-динот пратеник Горѓи Тодоров.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани колеги пратеници, денес имаме Предлог за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа. Секако, тоа претставува системски закон кој повлекува многу промени во насока на изменување и дополнување на сите законски и подзаконски акти, од тој аспект, бара голема сериозност и стручност во однос на концептирањето и стручното разгледување на законот.

Секако, за поздравување се реформите во органите на државната управа, кои требаше одамна да се случат , но добро е што и денес е на дневен ред Предлогот на законот за организација и работа на органите на државната управа.

Секако, успехот на една Влада зависи од многу други фактори, но мора да признаеме дека успехот на една Влада зависи и од организационата поставеност , односно организационата инсталираниот во смисла на работата на органите на државната управа, која мора да биде така организирана да може да ги задоволи потребите на граѓаните на Република Македонија.

Овде колегите пратеници дискутираа за тоа дека е реформски закон, дека станува збор за реформи во насока на поддршка или котирање на Република Македонија во меѓународните фактори. сепак, не се даде значење на реформите кои треба да дадат позитивна насока во поглед на граѓаните, во поглед на подобрување на животот, условите и стандардите на граѓаните кои сепак гласале за оваа Влада и да може во целина да кореспондира и кооперира со Европа и пошироко, како со успех би се носела на меѓународен план. Во тој контекст, ја давам мојата дискусија за член 13 , кој е прв член во глава II , Организација и делокруг на органите на државната управа. Имено, името на Министерството треба да го асоцира делокругот на работа на министерството и од тој аспект мислам дека за поголема ефикасност потребно е намалување на министерските места од 16 на 13 , укинување на министерствата како што е: Министерството за култура, Министерството за развој, Министерството за животна средина и Министерството за локална самоуправа од следните аспекти.

Министерството за внатрешни работи мислам дека поимот "внатрешни работи" асоцира на тоа дека во Владата треба да постојат само две министерства: Министерство за надворешни и за внатрешни работи, затоа што делокругот на внатрешните работи е широк и недефиниран и тој идеолошки како термин мислам дека е застарен и треба да се измени, Министерството да го добие новото име кое ќе асоцира на делокругот на работа на Министерството за јавен ред и мир, државна безбедност и контраразузнавање. Кога така ќе биде назначено името на Министерството, сепак ќе асоцира на делокругот на неговата работа, бидејќи во сегашното име има многу работи од стручен аспект, кои Министерството недоволно или нестручно ги покрива, кои работи треба да преминат во одредени други министерства.

Министерството за економија мислам дека треба да биде министерство за економија и развој, затоа што Министерството за економија го покрива делот на стопанството, а тоа стопанство треба да биде следено со одреден развој и за да биде тој развој координиран и за да може да биде усогласен со европските и светските стандарди, пожелно би било да биде во рамките на едно министерство,кад е одреден министер во улога на координатор ќе може да ја координира економијата, стопанството и развојот, бидејќи тие се компатибилни меѓу себе и неразделни.

Министерството за култура со предлогот за укинување на Министерството за култура , не сум против, да не бидам погрешно сфатен, но треба дел од работите кои ги обработува ова министерство за култура да биде во рамките на Министерството за образование, култура и наука. Значи, така треба да се именува тоа министерство, затоа што образованието е дел од културата и културата е дел од образованието и науката и тие меѓу себе, за да може со успех да се координираат, сепак е потребно да се во рамките на едно министерство.

За Министерството за развој кажав. Сега да кажам зошто предлагам да се укине Министерството за локална самоуправа, наместо Министерство за локална самоуправа да имаме Министерство за јавна администрација и европска интеграција, затоа што делокругот на работа на Министерството за локална самоуправа не

може да се гледа парцијално во однос на севкупната администрација во Република Македонија.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во Министерството за јавна администрација ќе биде делот каде ќе биде покриена администрацијата во локалната самоуправа и сета останата администрација во државата.

Министерството за животна средина предлагам да се укине само од една проста причина затоа што животната средина, односно зачувувањето на животната средина е делокруг на работа на Министерството за просторно планирање. Тука стои и јавни работи, мислам дека зборовите "и јавни работи" треба да се изменат и да стои Министерство за просторно планирање и уредување на просторот. Значи, да се планира просторот и да се уредува. Јавни работи се сите работи на министерствата така што не кореспондира овој термин во ова министерство. Значи, работата на Министерството за просторно планирање и уредување на просторот ќе се грижи за една здрава животна средина во Република Македонија.

Министерството за транспорт и врски, исто така треба да претрпи измени, треба да си остане Министерство за сообраќај, транспорт и врски затоа што тоа што е транспорт претставува сообраќај, а тоа што е сообраќај не е транспорт. Од тој аспект ова го предлагам како што е, не сакам да навлегувам во подлабоки елаборати во оваа прилика, но тоа може да се случи понатаму. Ако имаме успешен сообраќај каде сообраќајот во градовите, можам слободно да кажам, 40% ја загадува животната средина. Значи, пак имаме индиректна поврзаност со животната средина. Министерството за сообраќај сепак треба да биде организирано, зачувување на максимална безбедност, протечност, делот од животната средина треба да се најде во ова Министерство за сообраќај.

Овие реформи што се нудат иако се со задоцнување сепак е добро и доколку се прифатат моите забелешки, ќе гласам за донесување на овој закон.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

За збор се јави господинот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, од донесувањето на Законот за предвремено пензионирање веќе се најавија пакет закони за реформи во јавната администрација и сега дојдовме до тој момент да расправаме за Предлогот на закон за организација и работа на органите на државната управа, Владата и за државните службеници. Мислам дека во секоја држава кога се дискутира за реформите во јавната администрација секогаш се пројавува голем интерес, бидејќи граѓаните плаќаат за таа јавна администрација, очекуваат сервис од јавната администрација да кореспондира со нивните барања.

Системските закони кои денеска се предлагаат секако е за поздравување, за реформи во јавната администрација, бидејќи се работи за еден пакет, ќе се обидам да дадам дискусија и гледиштата на нашата пратеничка група во врска со трите точки од дневниот ред, за трите предлози на закони од овој пакет.

Од образложението се гледа дека се работело доста стручно и во многу блиска кооперација со Програмата ФАРЕ, со експерти од Светската банка и наши експерти многу длабоко ја анализирале оваа ситуација и ме радува дека со таков предлог се излегува во пресрет во оваа многу чувствителна фаза при потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија и фазата на преговорите со Европската Унија.

Ова е добар обид за дефинирање на статусот на државните службеници и други резови кои би овозможиле во фазата на имплементација, рационализација, ефективност и професионалност на јавната администрација.

Предлогот за донесување на закон за органите на државната управа, знаејќи дека членовите од 91 до 95 од Уставот многу малку зборуваат за надлежностите на органите на управата, сега се прави обид за прецизирање на надлежностите на органите на управата кои најпрво би овозможиле едно добро хоризонтално функционирање на органите на управата. Исто така принципите на надзорот врз органите на државната управа или од системот повисокиот орган го контролира понискиот орган, исто така се овозможува, барем се дава можност начелно и вертикалното функционирање на самите органи на државната управа за пофункционално работење.

Исто така во завршниот дел дадено е раководењето и односите меѓу органите на државната управа. Радува фактот дека се воспоставува една нова институција, нова положба државен секретар која многу квалитативно ќе се одрази врз функционирањето на државната управа виза ви јавната администрација комплетно.

Многу се зборуваше за партизацијата на јавната администрација дека е тоа еден голем дефект, барем Владата на Република Македонија со овој обид на системски закони кои нудат реформи во оваа сфера барем со дефинирање на надлежностите, надзорите, раководењето и односите меѓу органите на државната управа или во Законот за Владата меѓу Владата, Собранието и Претседателот на државата се даваат можности за професионалност и компетентност при вработување во јавната администрација што дава можности за департизација на оваа служба. Се прави обид за департизација на јавната администрација.

Се дадоа конструктивни забелешки на овој Предлог-закон, би било добро Владата на Република Македонија за да осигура рационалност на јавната администрација, значи да го намали бројот на јавната администрација барем да се обиде еден дел од таа управа да ја приватизира.

Би било добро да се направи обид да се види таа рационализација како ќе се одрази после неколку години. Мислам дека е многу интересна сугестија и до фазата на Предлогот на закон сметам дека е добро да се разгледа ова. Да се даде една информација како ќе се одрази врз рационалноста на јавната администрација што ќе се одрази врз ефикасноста на службите.

Што се однесува до бројот на министерствата, членот 13, сметам дека се зборуваше овде кој ќе ги трпи штетите од досегашното функционирање на Владата со толку министерства колку што ги има, мислам дека не држи, бидејќи се работи за истите луѓе од јавната администрација само распределени на тие министерства. Земајќи го предвид дека по парламентарните избори, според мое видување, наследивме една многу тешка економска, меѓуетничка состојба и за да се зафатиме со толку проблеми можеби беше логично проширувањето на бројот на министерствата и министрите за да во втората фаза се биде со еден пакет на системски решенија во реформа на јавната администрација.

Сметам дека не треба да се зборува многу за дотичниот министерства, туку дали таа Влада што ќе биде оформена од тие министерства со тие предложени ресори дали ќе биде функционална. Не се зборува само за имињата и ресорите во министерствата, туку и прецизирање на дејностите, надзорот, раководењето и односите помеѓу тие органи. Овие сегменти од реформата на јавната администрација ако добро се издефинирани, сметам дека бројот на министерствата еден помалку или еден повеќе нема да игра голема улога во ефективноста на јавната администрација.

Исто така предложениот број на министерства не е, во тесна смисла на зборот, пазар меѓу коалиционите партнери. И да беа предложени 11 министерства исто може да се направи пазар и ќе се зачува паритетот. Оваа логика на објаснување на бројот на министерствата не држи затоа што коалиционите партнери си работат врз еден паритет и тој паритет може да се задржи и во 11 и во 15 министерства. Се на се анализирајќи ги сите тие елементи на предложените системски закони, имајќи предвид дека се работеше многу со органите на Европската Унија  и Светската банка, сметам дека имаме квалитетни предлози за реформа на јавнат  администрација. Рака на срце знаеме дека сите до сега било влади, било органи на управа знаеја дека овој потег требаше да се направи, но не е исто дека ние знаевме ова да го направиме и работевме на ова, сега ти тоа го правиш. Мило ми е што Владата смогна храброст  со знаење и доблест конкретно да предложи предлози, да дискутираме по тие, се надевам дека конструктивните сугестии ќе се прифатат и тоа ќе го направиме. Без разлика како овие реформски зафати  ќе се одразат врз нашите гласачки тела, сметам дека еден позитивен поен за Владата на Република Македонија што влегува кон суштественото, а не парцијално за партиски интереси. Мислам дека овој аспект е за поздравување како  од наша страна, така и од опозицијата.

Се надевам дека многу бргу ќе дискутираме и за предлозите на конкретните закони и токму при имплементацијата на овие реформски закони се надевам дека многу брзо ќе се одразат кон граѓаните и навистина еднаш за секогаш таа јавна администрација ќе биде еден квалитетен сервис на граѓаните.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Замир Дика.

Има збор господинот пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, го поздравувам донесувањето на овој пакет на закони кој верувам дека ќе биде навистина реформски.

Зборуваме за тоа, еве не почнавме први да зборуваме и први да ги реализираме тие реформски односи. Не значи нешто реформски да не биде и грешно. На пример јас сум во образованието од 1972 година барем пет реформи се направија во средното образование сите која од која, на пример 1973 година се донесе една реформа каде се воведоа пет часа неделно математика без разлика која струка изучува. Замислете јас предавав во градежно училиште ѕидарство за кој се доволни шест месеци за да го научи занаетот, изучуваше пет часа математика неделно. Му државме теорија по математика. Кој колку беше влијателен од советниците неговиот став ќе го наметнеше. За мене тоа не е реформа.

Не е многу битно колкав ќе биде бројот на министерствата дали ќе биде 16 или 13 иако јас сум за помалата бројка, однапред се определувам, туку е важно колку бројчено ќе биде таа администрација. Реформите почнаа да се воведуваат од 1990 година, а што се случуваше со бројот на административните работници? Постојано растеше. Значи, немало реформи. Го поздравувам Законот што го донесовме за предвремено одење во пензија, меѓутоа, особено треба да се обрне внимание, според мене, и на едукацијата на постојната администрација. Многу полесно ќе се вклучат во овие реформи младите административни кадри, а потешко ќе оди со повозрасните, луѓето кои се 20 и повеќе години во администрацијата. Тие научиле еден терк и тешко да се одвикнат од него. Тоа го кажувам од лично искуство во образованието што и да се преземеше, што и да се пробаше да се промени на најголем отпор се наидуваше кај луѓето со поголемо работно искуство.

Посебно ме поттикна да земам збор по оваа точка што токму во членот 24 каде е опишано кои работи ќе ги врши Министерството за образование. Читав во алинеја 7 или 8 пишува дека меѓу другото врши вери-фикација на струките и профилите во насоченото образование. Насочено образование кај нас не постои повеќе години на ред. Затоа треба, стручните служби, не е важно кој го напишал, важно е следното терминологијата во сите овие проекти максимално да се усогласи на оние современи трендови, мислам на реформски за да нема вакви пропусти, јас верувам ова е прва фаза, нема да се направи пропуст во втората фаза, сигурно амандмански ќе го регулираат комисиите па и ние пратениците ќе ги прочитаме уште еднаш и повеќе пати овие предлози, треба да се води максимална сметка околу тоа која терминологија се употребува.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Лазаров.

Има збор господинот пратеник Кирил Ристески.

(Пратениците бараат пауза).

Барате пауза? Ако сакате пауза може половина час пауза, па да продолжиме.

Повелете Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денеска имавме прилика разгледувајќи го Законот за организација и работа на органите на државната управа да се изнаслушаме колку е тој реформски или не е. Тоа го врзуваме според бројот на министерствата. Јас ќе парафразирам и ќе го кажам следното: Мене овој закон ми личи на реформс-ки како онаа трговската ако некоја стока прво ќе се крене цената за 50%, па ќе се намали за 30% и на големо ќе се дели дека еве големо намалување. Владата на СДСМ имаше 15 министерства, сега бројот на министерствата е 21 со 27 министри. Сега се намалува на 16 министерства значи сепак повеќе од претходната Влада и велиме дека се големи реформи.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ**:(продолжение)

Очигледно дека министерствата се кроени за да се задоволат коалиционите партнери кој поголем број треба да има во ресорите.

Сакам сега малку да свртам внимание околу определени надлежности во извесни министерства, за кои сметам дека треба да се прифатат и да се изврши определена корекција во наредната фаза на законот.

Имено, во законот на две места, во две министерства, Министерството за просторно планирање и јавни работи и Министерството за животна средина, како надлежност фигурира просторното планирање во двете министерства. Значи ли тоа дека Владата нема концепт за едно

планирање кое е од големо значење за севкупниот развој на Република Македонија, па така го распоредува по министерствата, а на Владата треба да и биде јасно дека како императив на времето во кое живееме и времето кое доаѓа смислата на просторното планирање е формирајќи да се разрешат противречностите и просторот да се адаптира кон социјалните, техничките, економските и културните услови, онака како тоа е во современиот свет.

Сметам дека за овој битен сегмент, како и за останатите планирања, особено урбанистичкото и другите надлежности во овие области треба да биде надлежно само едно министерство, односно како што овде е речено Министерство за планирање и јавни работи.

Кога сум веќе тука имам предлог ова министерство да се вика министерство за планирање на просторот изоставено урбанистичкото планирање, а ако се прифати мојот предлог планирање на просторот ќе се однесува и на просторното и на урбанистичкото планирање, што со законот се две различни планирања.

Покрај тоа ми паѓа во очи, во министерството за просторно планирање и јавни работи, како што стои тука дека воопшто не фигурира некаков инспекторат, а знаеме дека таму функционираат и сигурно ќе функционираат повеќе видови на инспектори (градежни, урбанистички, комунални итн), дали е тоа пропуст или се мисли дека инспекциските служби ќе бидат распоредени во некој друг ресор. Тоа не ми е јасно.

Исто така, сакам да нагласам дека ова министерство е министерство кое што најмногу ќе може да го спроведе едношалтерскиот систем, кои што за жал во претходните неколку седници го нарушивме со донесувањето на определени закони. Но, сега бидејќи се зборува за реформата во органите на државната управа редно е барем на едно место да се добиваат сите управни акти за да барателите не шетаат и не собираат 20-30 документи.

Покрај тоа, сакам да нагласам дека во надлежноста на ова министерство, кое што има најголем број предмети не постои никаде дека издава управни акти. Според тоа сметам дека ако веќе во следната фаза зборуваме за реформи на државната управа треба убаво, концизно и доследно да се напише нивната надлежност за да нема преклопување и за да можеме и ние како пратеници да придонесеме во усвојувањето на овој предлог.

Инаку, комплетно се залагам и ќе сметам дека овој закон ќе биде реформски ако има барем едно министерство отколку што беше бројот на министерствата на Владата на СДСМ односно ако има барем помалку од 15 министерства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Кирил Настевски.

Почитувани пратеници, ако малку се слушаме, едни со други ако се слушаме овде, а јас ве слушам сите, мислам дека 70% се повторуваме. Сме си зацртале нешто самите за себе да си кажеме и сите работи ги кажуваме исти. Има и некои идеи што малку отскокнуваат, но да бидеме малку порационални. Во основа сите сме за едно, треба да се намали, не треба толку министерства, треба добро да се разграничат функциите, но сите 120 тоа да го кажеме веќе е друго прашање.

Во секој случај уште неколку дискутанти имаме, ќе издржиме и во секој случај ќе ја завршиме оваа точка секако.

Има збор г. Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас се јавив за збор само да укажам дека денеска седницата треба да ја прекинеме и да продолжиме со работа утре.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Јас се извинувам, но зошто да ја прекинеме седницата кога имаме само уште еден пријавен дискутант.

Има збор г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас се извинувам што против вашето расположение и желба ќе морам сепак да настапам, но дозволете ми г. претседателе дами и господа, да ги изнесам накратко моите видувања по однос на предложениот закон и вкупно пакетот на закони за реформа на јавната администрација во Република Македонија.

Уште на старт да потсетам иако и од други дискутанти беше речено дека идејата за реформа на јавната администрација и сведување на истата во некои рамки кои ќе одговараат на економскиот развој на Република Македонија, бројот на жителите итн., беше

заложба и на претходната Влада и на сегашната, веројатно ќе биде и во иднина, затоа што нема земја во светот која има идеална јавна управа и која функционира рационално, ефикасно и соодветно и извршува сите свои задачи.

Но, не можам да се согласам со тврдењата кои ги слушаме тука дека ова е токму вистинската реформа, ова е тоа што треба да се направи и точка, од причина што најчесто тие дискутанти слушнавме слични аргументи само во прилог на тезата да се зголеми бројот на ресорите и од 15 да се направат 20 министерства.

Оттука, кога го слушав постојано г. Котевски како убаво зборува за рационална, ефикасна и одговорна администрација, сакав лично да му честитам доколку беше само овој настап да не беше и претходниот, кога тој истиот дискутант говореше во прилог на тезата да се прошири бројот на администрацијата односно на ресорите.

Според мене не е реформа и рационализација на јавната администрација ако од 15 правиме 21, а тие 21 повторно ги враќаме на 16. И кога се зголеми бројот и сега кога се намалува најодговорно тврдам дека тоа се прави врз основа на некои политички договор и усогласување на интересите меѓу коалиционите партнери. Тоа во принцип не е лошо доколку зад тој договор постојат други прашања кои остануваат не решени и провејуваат низ содржината на овој и другите закони, а кои оваа Влада не е спремна уште сега да ги реши. Тоа е едно.

Второ, ценам дека реформата не значи само номинално намалување на бројот на ресорите. Реформата е нешто повеќе. Реформата значи суштинско прилагодување на јавната администрација на новите општествено-економска токови. Тоа ќе се направи доколку навистина комплет системот го поставиме на поинакви основи.

Од содржината на текстот на овој закон ќе видите дека нема рестрикција на функциите на одделни органи. Нема трансформација на функциите на тие органи и нема стриктно определување на надлежностите.

Некои органи наместо да ги стеснуваат надлежностите ги прошируваат итн. итн. Тоа не значи реформа. Напротив, реформа значи рационализација на делувањето на јавната администрација само во тие сектори и домени каде што таа е неопходна, каде што интервенцијата на државата е неопходна. Очекувам дека со овој текст ќе се пристапи кон она што беше ветено дека одделни органи на јавната администрација, ресори ќе пристапат кон тоа дел од нивните надлежности, чисто управни, државни да се претворат во цивилни. Дел од надлежностите да се препуштат на цивилната и приватна иницијатива и така да дојдеме до намалување на она што значи интервенција на државата и намалување од потребата на вишок на работна сила ангажирана за јавната администрација, а преку тоа и рационализација на Буџетот.

Во одделни надлежности на министерствата не е прецизно разграничено тоа што е чиста управа и управна надлежност, фондовска, инспекциска итн. И понатаму има тенденција да не се зафати Владата и овој закон со тенденцијата што е модерна, што е присутна во Европа и во модерниот свет, да се зголеми одговорноста на управата и пропорционално на тоа да се зголеми самостојноста на фондовите и инспекциските служби. Напротив, инспекциските служби остануваат исти, ама буквално исти како и во претходниот закон, само се пренесени во сегашниот.

Некои решенија се или нејасни, или во најмала рака се конфузни. Ќе ја земам како пример само институцијата државен или генерален секретар. Таа во одделни решенија се појавува како политичка функција со оглед на тоа што државниот секретар не подлежи на проверка на знаења, не подлежи на унапредување на хиерархијата итн. итн., сместен е во законот за државни службеници како највисок ранг итн. Во одредени други одредби од законот тој се јавува во политичка функција, затоа што тој во одредени случаи го заменува дури и министерот што не би било својствено. Неговиот мандат е врзана за мандатот на органот, односно Владата, Парламентот, зависно за кој орган се зборува. Сите тие работи создаваат конфузна ситуација за одредени функции во законот што сметам дека понатаму Владата треба да ги има предвид и точно да ги расчисти функциите на одредени структури во јавната администрација.

За бројот на ресорите беше споменато тука дека може и понатаму да се рационализира. Јас го делам истото мислење дека одделни ресори можат и понатаму своите надлежности да ги

спојуваат со други ресори или да ги пренесуваат функциите на други органи кои не мора да бидат по секоја цена на ниво на министерства, туку на други управни органи или во фондовски и други организации. Така на пример за мене нејасна е позицијата на министерството за развој во услови на пазарно стопанисување и поинаков политички систем. Типот на надлежностите и функционирањето на министерството за развој е чисто наследство од претходниот систем, или од типот на наследство на постоење на заводи за планирање итн. итн. Неминовно овој орган, овој ресор треба да гравитира кон министерството за стопанство како што истата судбина ја дела и некои други сегашни ресори.

Слична е ситуацијата со министерството за урбанизам, сега само преиначен насловот, како и министерството за сообраќај..

Во повеќето земји министерството за сообраќај и транспорт оди со вториот дел од насловот на министерството за просторно планирање и јавни работи. И како надлежности и како функционирање може слободно овие органи да се соединат во еден управен орган односно во еден ресор.

Не е далеку ни идејата министерството за здравството да оди во министерството за труд и социјална политика. Всушност, тоа нашиот систем го познава, го познаваат и повеќето земји кои имаат мал кабинет односно мал број на членови на Владата, односно мал број на ресори. Да не зборувам за други министерства кои исто така можат комплетно да се рационализираат и бројот на министерствата може слободно да се сведе на некоја разумна бројка.

Но, клучното не е тоа. Дали бројот на ресорите ќе се намали, клучното е тоа дали надлежностите ќе се трансформираат. Дали тие надлежности соодветно со нивната трансформација ќе значат и намалување на функциите, а соодветно на тоа и на бројот на вработените во јавната администрација.

Оттука ценам дека бевме во право и тогаш кога го донесовме законот за административно пензионирање дека не може тој закон да се гледа сепаратно и резот да биде механички по бројот на вработените во јавната администрација.

На текстот на овие пакет закони требаше да им претходи една подлабока анализа на начинот на кој функционираат нашите органи, нивните надлежности и бројот на вработените соодветно во тие органи.

(г. Котевски бара збор за реплика).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Насер Зибери.

Јас го молам г. Ѓорѓи Котевски да не реплицира.

(општо реагирање на пратениците во салата).

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Смирете живци, јас моето право си го користам и никој не може да ми го одземе. Гледајте си ја својата работа, јас сакам на г. Зибери да му кажам дека јас сум од пропорционалната листа. Кога ја носевте вие, таа Влада, јас не бев тука и таков став немам. Дали ви е јасно г. Зибери? Ако ти е јасно друг пат преврши како стојат работите па да ме окривуваш, затоа што јас многу водам сметка што сум кажувал и какви ставови овде во Собранието изнесувам. Благодарам многу.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во Извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со Извештајот на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

98 пратеници гласаа "за", 4 "воздржани" и 1 "против". Според тоа констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Со ова ја прекинувам оваа седница.

Продолжуваме со работа утре во 11,00.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот).